хетеросексуалноста значи да се биде спокоен во свет кој повратно ја рефлектира формата пар, населена од една личност како идеал. [viii] Секако, населувањето на идеалот може да придонесе да се чувствуваме и неспокојно. Удобноста, исто така, може да биде причина за чувство на неудобност. Да се гледа на хомосексуалноста како на идеал кој се почитува или не – или да се чувствуваш неудобно заради привилегиите доделени со населувањето на хетеросексуалниот свет – претставува понеспокојна форма на удобност. Сепак, претставува удобност, а удобноста тешко се препознава кога се проживува. Ова ми е добропознато бидејќи со години неудобно ги населував удопствата на хетеросексуалноста. Сега, кога живеам квир-живот, се присетувам на многу удобности кои воопшто не ги забележував и покрај „почувствуваната“ неудобност. Она што е удобно не го забележуваме дури и кога мислиме дека сме го забележале.

Оттука, размислувањето за „ удобноста“ е секогаш корисна почетна точка за размислување. Ајде да размислиме како се чувствуваме кога ни е удобно. Замислете си дека тонете во удобен стол. Ќе забележите дека афектот веќе го префрлив на предметот („тој е удобен“). Но удобноста претставува складност меѓу телото и предметот: мојот удобен стол за вас можеби ќе биде непријатен, за вашето поинаку обликувано тело. Удобноста е средба меѓу повеќе од едно тело, односно ветеното чувство на „тонење“. На крајот, болката или неудобноста го враќаат вниманието кон површината на телото како тело (види поглавје 1). Да се чувствуваш удобно значи да се чувствуваш спокојно во сопствената средина до тој степен што станува тешко да се одреди каде завршува сопственото тело, а каде почнува светот. Човек се вклопува, а со вклопувањето, површините на телата исчезнуваат од вид. Исчезнувањето на површините е поучно: со чувството на удобност, телата се протегаат во просторот, а просторот се протега во телата. Чувството на тонење повлекува простор без рабови, односно простор во кој не се забележуваат „шевовите“ меѓу телата.

Хетеронормативноста функционира како форма на јавно удопство со тоа што им допушта на телата да се протегаат во простор кој веќе ја зазел нивната форма. Во тој простор се живее удобно,





бидејќи тој им дозволува на телата да се вклопат во него; површините на социјалниот простор се веќе впечатени од формата на таквите тела (како стол кој ја стекнува формата преку повторувањето одредени тела кои го населуваат: формата на телата речиси може да се види како „впечатоци“ на површината). Впечатоците што ги стекнуваат површините функционираат како траги на тела. Овој процес може да се забележи во социјалниот простор. Според Гил Валентајн, „хетеросексуализацијата“ на јавниот простор, како што се улиците, се натурализира со повторувањето разни форми на хетеросексуално однесување (слики на билбордите, музика, приказ на хетеросексуална интимност итн.), процес кој е незабележлив за хетеросексуалните субјекти[ix]. Површините на социјалниот, како и на телесниот простор го „бележат“ повторувањето на чиновите и одминувањето на одредени тела, но не и на други.

Хетеронормативноста, исто така, станува форма на утеха: топлината при соочувањето со светот кој веќе сме го прифатиле придонесува да се чувствуваме подобро. Тој не се восприма како свет кога тој нè оформил, па дури и сме ја стекнале неговата форма. Не само што нормите можат да исчезнат од вид, туку тие може да станат и она што не го чувствуваме свесно.[x] Ненормативните субјекти се чувствуваат неудобно при соочувањето со „удобностите“ на хетеросексуалноста (телото не „тоне“ во простор кој веќе ја зазел неговата форма). Неудобноста претставува чувство на дезориентираност: телото како да не припаѓа таму, непријатно е и вознемирено. Тоа чувство ми е добропознато, неприпаѓањето и отуѓувањето повлекуваат акутна свесност за површината на сопственото тело, кое се јавува како површина, кога не можеме да ја населиме социјалната кожа, оформена од одредени тела, но не и од други. Понатаму, од ненормативните субјекти, односно настраните, се „бара“ да не придонесуваат за неудобноста на хетеросексуалците со тоа што ќе избегнуваат излив на знаци на настрана интимност, што самото по себе претставува неудобно чувство, ограничување на тоа што можеме да го правиме со сопственото тело, и со друго тело, во социјалниот простор.[xi] Достапноста на удобноста за одредени тела понекогаш зависи од трудот на другите и од товарот на прикривање. Удобноста функционира како форма на „чувствен фетишизам“:

одредени тела се чувствуваат „удобно“ единствено како резултат на работата на другите, при што самата работа се крие од вид.[xii]

Затоа, квир-теоријата со право се дефинира не како антихетеронормативна, туку како антинормативна. Според Тим Дин и Кристофер Лејн, квир-теоријата „пропагира политика заснована на отпор кон сите норми“[xiii]. Неопходно е да се спомне дека хетеронормативноста не се однесува само на претпоставката дека е нормално да се биде хетеросексуалец. „Нормата“ е регулативна и е поддржана од „идеал“ кој го поврзува сексуалното однесување со други форми на однесување. На пример, ограничувањето на љубовниот објект не се однесува единствено на пожелноста на кое било хетеросексуално спојување. Парот треба да биде „добар спој“ (процена која ги вклучува конвенционалните класни и расни претпоставки за значајноста да се „спои“ потеклото на партнерите) и да ги исклучува другите од сферата на сексуалната интимност (идеализирање на моногамијата, при што интимноста често се изедначува со правото на сопственост или со правото на интимниот друг како на сопственост). Понатаму, хетеросексуалното спарување се приближува кон идеалот единствено доколку е озаконето со брак, со учество во ритуалот на репродукција и совесно родителство, со тоа што ќе бидеме добри соседи, љубовници и родители и уште подобри граѓани. На тој начин, нормативната култура повлекува диференцијација меѓу легитимниот и нелегитимниот начин на живот, при што зачувувањето на легитимното („животот каков што го знаеме“) се претпоставува како неопходно за благосостојбата на идните генерации. Хетеронормативноста повлекува репродукција или трансмисија на културата преку начинот на кој го живееме животот во однос на другите.

Оттука, квир-теоретичарите истакнуваат дека настраните животи не треба да ги следат скриптите на хетеронормативната култура: да не станат, да се послужиме со провокативниот и моќен термин на Џудит Халберстам, „хомонормативни“ животи[xiv]. Таквите животи не посакуваат пристап кон удобноста; тие ја одржуваат неудобноста во сите аспекти на нормативната култура преку начинот на кој живеат. Во идеална ситуација, тие немаат семејства, не се мажат, не влегуваат во непромислено спојување во двојка, не раѓаат и не растат деца, не се грижат за побезбедно соседство, ниту се молат





за нацијата во војна. Секој од овие чинови би ги „поддржал“ идеалите кои ги запишуваат таквите животи како квир, пропаднати и како такви што не можат да се живеат во прв ред. Стремежот кон идеал на однесување кое се смета за централно за репродукцијата на хетеронормативноста се нарекува форма на асимилација.

Да го разгледаме, на пример, делото на Ендрју Саливан. Во „Виртуелно нормален“, тој тврди дека повеќето геј-лица сакаат да бидат нормални; и дека да се биде геј не значи и да се биде ненормален, но сепак не толку нормален како хетеросексуалец (да го парафразираме Хоми Баба, „речиси нормален, но не токму“). Затоа, тој предлага дека индивидуата може да се стреми кон хетеросексуален живот без да биде хетеросексуална: единствената разлика би била во изборот на љубовниот објект. Со неговите зборови:

„Сосема е возможно е да се комбинира празнувањето на традиционалното семејство со празнувањето стабилна хомосексуална врска. Сепак, едната е создадена по калап на другата. Доколку внимателно се конструира како конзервативна социјална идеологија, идејата за стабилни геј-врски би послужила и како поткрепа за етиката на хетеросексуалниот брак, со тоа што ќе прикаже дека дури и оние исклучени од него посакуваат да ја следат неговата форма и структура“.[xv]

Во овој контекст, геј-врските се вреднуваат и се слават доколку се „создадени по калап“ на традиционалниот модел на хетеросексуалното семејство. Навистина, Саливан категорички го дефинира својот проект како начин за поддршка и проширување на идеалот за семејството со тоа што прикажува дека тие што „не се“, посакуваат „да станат“. Оттука, геј-врските, преку мимикрија на формите на хетеросексуално спојување, се сојузуваат токму со самите форми кои не можат да ги населат. Оваа мимикрија, според Даглас Кримп (2002), претставува начин да се одржат психичките услови на меланхолијата, доколку Саливан се идентификува со она што не може да биде, всушност, со она што веќе го отфрлило. Според Кримп, Саливан „не е способен да го препознае пркосот на хомофобијата, бидејќи неговата меланхолија се состои токму во идентификацијата со сопственото отфрлање од страна на хомофобот“

(Crimp, 2002: 6). Асимилацијата повлекува желба за приближување кон идеалот кој не сме успеале да го исполниме; идентификација со ознаката на неуспешен субјект. Изборот на асимилација – квир-кожа, хетеросексуалните маски – претставува јасна поддршка на хетеронормативните разлики меѓу легитимните и нелегитимните животи. [xvi]

Според Џудит Батлер, еден од најголемите проблеми во кампањите за геј-бракот е токму можноста тој да ја зајакне хиерархијата меѓу легитимните и нелегитимните животи. Наместо хиерархијата да се заснова на разликата меѓу геј и хетеросексуалец, се изместува кон нова разлика на повеќе или помалку легитимни нормативни врски (Butler, 2002a: 18). Таа прашува дали геј-бракот „станува 'опција' единствено доколку се претвори во норма (со тоа да се исклучат опциите) која ќе дозволи односи на сопственост и ќе ги прикажува општествените форми на сексуалност како поконзервативни?“[xvii]. Со други зборови, доколку дел од правата на хетеросексуалноста се пренесат и на настраните лица, што ќе се случи со сите оние настрани кои нема да ги прифатат; чии животни избори и сексуални желби не можат да се преведат во форма на брак, дури и кога тој ќе се испразни од предикатот на хетеросексуалната двојка? Дали (немажените) настраните лица стануваат нелегитимните други наспроти кои се одржува идеалот за бракот?

Секако, прашањето за геј-бракот останува да важи како политичка дилема. Затоа што, доколку не се даде поддршка правото на брак да се пренесе на геј-врските, се поддржува статус квото со кое се одржува разликата меѓу легитимните и нелегитимните животи на основа на сексуалната ориентација. Како што тврди Џудит Батлер (2002), непризнавањето на врската од страна на другите (без разлика дали признавањето е уредено со закон) социјално и психички чини многу, особено во ситуации на загуба и ожалостеност (види следна глава). Сакам да ја започнам дебатава со тоа што ќе го разгледам начинот на кој може да се оспори политичкиот избор да се биде или настран или хетеросексуалец (или, пак, асимилирано настрано лице). Самата Батлер го оспорува изборот со заземање амбивалентна позиција. Иако ја разбирам вредноста на ваквата амбивалентност, би сакала да предложам дека со подлабоко





промислување на квир-врските ќе се избегне постулирањето на асимилацијата или трансгресијата како избор.

За почеток, да се навратиме на мојот опис за настраниот живот. Предложив дека во „идеална ситуација“, неудобноста во ваквиот живот се одржува во однос на скриптите на хетеронормативното постоење. Акцентот на овој збор е очигледен. Бидејќи, веќе при самиот опис на тоа што е квир, ги дефинирам основите за некаква идеалност, во која за да се има идеален настран живот, па дури и за да се биде легитимно настран, луѓето мора да се однесуваат на одреден начин, а не на друг. Неопходно е да се прашаме: На кој начин дефинирањето на идеалот на настраноста се потпира на постоењето на други кои не го исполнуваат идеалот? Кој може или не може да го отелотвори идеалот на настраноста? Таквиот идеал не е еднакво достапен за сите, дури и за тие што се идентификуваат со знакот „настран“ или со другите „знаци“ на ненормативната сексуалност. На пример, Гајатри Гопинат[xviii] посочува дека јавните и видливи „квир-форми“ не се достапни за лезбејките во Јужна Азија, каде што телата можат да ги истражуваат хомоеротските задоволства единствено во приватниот простор на домот. Нејзиното тврдење покажува дека ненормативните тела имаат различен пристап до јавните форми на културата што, од своја страна, влијае врз тоа како смеат да ги населат нив. Всушност, иако е неудобно да се биде настран во рамките на хетеросексуалниот простор, не значи дека настраните секогаш се чувствуваат удобно во квир-просторите. Јас сум почувствувала неудобност во одредени квир-простори, чувство на неприпадност. Не велам дека ме принудиле да се чувствувам неудобно; самата неудобност е знак дека квир-просторот се проширува на одредени тела повеќе отколку на други (на пример, одредени квир-простори ја пренесуваат мобилноста на белите тела од средната класа). Напати се чувствувам неудобно што го населувам зборот „настрана“, загрижена дека или не сум доволно настрана, или не сум доволно долго настрана, или едноставно не сум вистинскиот вид на настраност. Се чувствуваме неудобно во категориите кои ги населуваме, дури и во категориите оформени со нивното одбивање на јавните удобности.

Понатаму, постулирањето идеал за ослободување од скриптите

кои одредуваат што е легитимен живот претполага негативен модел на слобода, овде дефинирана како слобода од нормите. Негативниот модел на слободата го идеализира движењето и издвојувањето, со што создава мобилна форма на субјективитет кој бега од нормите кои ги ограничуваат дејствата на телата. Квир-теоријата ја критикуваат заради идеализирањето на мобилноста[xix]. Според Епс, „квир-теоријата му придава голема важност на движењето, особено кога движењето е насочено против, над или спротивно од правилата и прописите, нормите и конвенциите, границите и ограничувањата... создава фетиш од флуидноста“[xx]. Идеализирањето на движењето, или трансформацијата на движењето во фетиш, зависи од исклучувањето на другите кои се веќе позиционирани како да не се слободни на истиот начин. Телата што се движат полесно, полесно го формираат и се оформени од знакот „настрано“. Токму затоа, Биди Мартин предлага дека е неопходно да „престанеме да ја дефинираме настраноста како мобилна и флуидна во однос на она што се сфаќа како стагнантно и кое намамува“[xxi]. Навистина, идеализирањето на движењето зависи од претходен модел за квир-живот, таков кој ги исклучува другите, оние кои се во врски кои не се читливи како ненормативни, или, пак, оние на кои им недостига (културниот, како и економскиот) капитал да го поддржат „ризикот“ потребен за да се одржи антинормативноста како постојана ориентација.

Настраниот живот не ги суспендира врските кои се суштински за репродукција на хетеронормативноста, при што со ова не се намалува настраноста, туку се интензивираат дејствата што истата може да ги изврши. Настраните животи и натаму се оформени од она што не успеваат да го репродуцираат. Од поинаков аспект, настраните животи го оформуваат она што се репродуцира: со самиот неуспех да ги репродуцира нормите преку начинот на кој ги населува нив, настраниот живот продуцира поинакви ефекти. На пример, грижата на пар лезбиски родители повлекува „обврска“ да живеат во близина на хетеросексуални култури (при комуникацијата со училиштето, другите мајки, локалната заедница), додека притоа не можат да го населат хетеросексуалниот идеал. Јазот меѓу скриптата и телото, вклучително и телесната форма „семејство“, повлекува неудобност, па одовде, скриптата може да се „преработи“. Преработката не е





неизбежна, бидејќи зависи, односно е контингентна од други социјални фактори (особено класата) и не значи дека повлекува свесни политички чинови.

Да се вратиме на поентата за удобноста: удобноста претставува ефект на телата кои можат да „потонат“ во простори кои веќе ја зазеле нивната форма. Неудобноста не претставува едноставно избор или одлука – „ова или тоа прави да се чувствувам неудобно“ – туку е ефект на телата кои ги населуваат просторите кои не ја преземаат или не ја „пренесуваат“ нивната форма. Колку повеќе се приближуваат ненормативните субјекти кон просторите дефинирани од хетеронормативноста, толку е поголем потенцијалот да се преработи хетеронормативот[xxii], делумно бидејќи близината „покажува“ како се пренесува просторот во одредени тела, а не во други. Ова пренесување вообичаено е прикриено од неговиот производ: јавната удобност. Што се случува кога телата нема да „потонат во“ просторот, неуспех кој може да се опише како „настранување“ (“queering”) на просторот?[xxiii] Кога се преведува потенцијалот за „оквирување“ во трансформација на скриптите на принудната хетеросексуалност?

При разгледувањето на начинот на кој се преведува овој потенцијал во трансформација, важно е да не се создаде политички императив; на пример, со ставот дека сите лезбиски родители треба активно да ги прекинат скриптите на принудната хетеросексуалност. Според Џеки Габ, одредени родители-лезбејки, своето семејство го сфаќаат „како и секое друго“[xxiv]. Дали ова е знак на нивната асимилација и политички неуспех? Ваквите податоци може да се прочитаат на овој начин. Но, исто така, посочуваат и на непостоењето директен превод меѓу политичката борба и контурите на секојдневниот живот со оглед на начините на кои родово и сексуално ненормативните субјекти окупираат многу различни места во рамките на општествениот поредок. Одржувањето активна „трансгресија“ не само што одзема време, туку понекогаш е психички, социјално или материјално невозможно за одредени индивидуи и групи со оглед на нивните тековни и незавршените влогови и истории. На пример, одредени лезбиски родители од работничката класа не можат да си дозволат да бидат сместени надвор од мрежите на сродство во рамките на локалните соседства: да се биде препознаен „како и секое друго семејство“ може да претставува не само

стратешки избор, туку и неопходност за опстанок. Други лезбиски родители од работничката класа не сакаат да бидат „како и секое друго семејство“: она што се чини неопходно за едни, за други е невозможно. Асимилацијата и трансгресијата не се избори достапни за индивидуите, тие претставуваат ефекти на тоа како субјектите можат или не можат да ги инхибираат општествените норми и идеали.[xxv] Дури и кога ненормативните семејства посакуваат да бидат препознаени „како и секое друго семејство“, нивната поинаквост од идеалниот запис произведува нарушувања – моменти на „нетонење“ – кои повлекуваат активни форми на преговори во поинакво време и место.

Со дефинирањето на едно семејство како настрано веќе се нарушува една идеална слика за семејството, заснована на хетеросексуалната заедница, размножување и биолошка врска. Наместо квир-семејствата да се сметаат за продолжување на идеалот (одовде и како форма на асимилација која го поддржува идеалот), за почеток, може да се промисли изложувањето на неуспехот да се исполни идеалот како дел од работата што ја извршуваат семејствата на настраните. Според Викс, Хифи и Донован, семејствата претставуваат општествена практика, „повеќе придавка, или, пак, глагол“[xxvi]. Семејствата се збор кој извршува дејство и збор за извршување дејства. Впрочем, доколку семејствата ги гледаме како нешто што луѓето го прават во приватниот живот, се избегнува постулирањето на ненормативните семејства како алтернативен идеал, на пример, при претпоставката дека ненормативните семејства се нужно поеднакви[xxvii]. Настраниот живот повлекува прашања на моќ, одговорност, работа и нееднаквост, и, пред сè, не ги трансцендира, ниту, пак, може да ги трансцендира општествените односи на глобалниот капитализам[xxviii]. Промислувањето на работата што ја извршуваат семејствата на настраните, како и на она што го прават, дозволува да се прекине идеализирањето на семејната форма.

Ваквиот став налага дека настраните се слични на останатите семејства во заедничкиот неуспех да го населат идеалот. Но вакво-то тврдење ги неутрализира разликите меѓу настраните и нормалните семејства, како и разликите меѓу самите настрани семејства. Семејствата можеби не „претставуваат“ идеал, што само по себе претставува невозможна фантазија, но имаат поинаков однос на





блискост до тој идеал. За одредени семејства, идеалот ја зазема нивната форма (хетеросексуалност, бела раса, средна класа итн.). „Неуспехот“ да се насели идеалот може да биде видлив или невидлив за другите, и токму видливоста остава ефект врз контурите на секојдневното постоење. Суштинската разлика меѓу настраните семејства и нормалните семејства се состои во прифаќањето да се живее со ефектите и афектите на хетеросексизмот и хомофобијата. Ваквите форми на дискриминација понекогаш имаат негативни ефекти меѓу нив, на пример, болка, анксиозност, страв, депресија и срам, кои ја ограничуваат телесната и општествената мобилност. Сепак, ефектите на неуспехот да се овоплоти идеалот не се само негативни. Според Кет Вестон, семејствата на настраните честопати ја раскажуваат возбудата од создавањето интимност која не е заснована на биолошки врски или, пак, на востановените родови односи: „Далеку од тоа дека избраните семејства претставуваат имитација или дериват на семејните врски создадени на друго место во општеството, повеќето лезбејки и геј-мажи алудираат на тешкотијата и возбудата при конструкцијата на сродство во отсуство на, според нив, модели“[xxix]. Отсуството на соодветни модели не значи и отсуство на модели. Всушност, во „невклопувањето“ со моделот на нуклеарното семејство, настраните семејства работат на трансформација на она што го прават семејствата. „Невклопувањето“ или неудобноста создава можности, дејство кое истовремено е и тешко и возбудливо.

Останува ризикот „настраните семејства“ да се постулираат како идеал во рамките на заедницата на настраните. Доколку во рамките на заедницата на настраните, ненормативните семејства се идеализираат, краткотрајните девијантни средби, неформалните форми на пријателство и здружување би се сметале за неуспех, односно за понезначајни форми на врски. Неопходно е квир политиката да остане отворена кон различните начини на изведување на настраноста за да се одржи можноста разликите да не бидат претворени во неуспеси. Ненормативните субјекти користат различни имиња за важните нешта во нивниот живот, наоѓаат значајност на поинакви места, вклучително и места кои се сметаат за нелегитимни во хетеронормативните култури. Со зборот „семејство“, одредени настрани лица прават разлика меѓу помалку значајни и повеќе значајни врски,

при што не се претполага дека значајноста следи некаква однапред зададена форма. За други, зборот „семејство“ е премногу заситен со афекти за да се користи на овој начин. На пример, визијата за семејството на Ив Сеџвик Косовски е „доволно еластична за да ја прикаже длабочината и понекогаш издржливоста на небрачните врски и/или на оние кои не создаваат потомство, истополови врски, недијадични врски, врски кои не се дефинирани од гениталноста, врски меѓу возрасни браќа и сестри, небиолошки врски меѓу различни генерации, итн.“[xxx]. Но не можеме да ја вложиме сета надеж во еластичноста на зборот „семејство“: еластичноста не треба да се претвори во фетиш и да се постави како објект во кој сите мора да се вложиме. Надежта за „семејството“ за ненормативните субјекти може да постои само доколку тоа не е единствен објект на надеж (види поглавје 8 за анализа на надежта). Доколку не ги озакониме формите што ненормативните врски може да ги заземат – и не ја претпоставиме онтолошката разлика меѓу легитимните и нелегитимните врски – ќе биде можно врските на настраните да се именуваат како врски без притоа да се бара од другите настрани лица да ги „возвратат“ истите (врски) во форма на заедничка инвестиција.

Во крајна линија, токму врските меѓу настраните ги „попречуваат“ ненормативните тела да се чувствуваат удобно во простори кои ја пренесуваат формата на хетеросексуалната двојка. Ефектите на „невклопувањето“ може да се постулираат како форма на настрана неудобност, но како генеративна, а не како ограничувачка или негативна неудобност. Да се чувствуваш неудобно значи да бидеш афектиран токму од она што опстојува во оформувањето на телата и животот. Одовде, неудобноста не е поврзана со асимилација или со отпор, туку со поинакво населување на нормите. Населувањето е генеративно или продуктивно, не доколку заврши со неуспех да се обезбедат нормите, туку со можноста за живот кој не ги „следи“ доследно тие норми. Затоа, “настрано“ не значи трансцендентност или слобода од (хетеро)нормативот. Чувствата на настраните се „афектирани“ од повторувањето на скриптите кои не успеваат да ги репродуцираат, и тој „афект“ покажува што може да направи настраноста и како дејствува со нејзиното дејствување врз (хетеро) нормативот. Неуспехот да се биде ненормативен не претставува неуспех на нехетеронормативните лица да бидат настрани, туку е знак





на врски кои претставуваат услов за можноста да се појави хастраноста. Настраните чувства прифаќаат одредена доза неудобност, неспокојство во однос на достапните записи за живеење и за љубење, проследена од возбудата при соочувањето со неизвесноста за насоката во која може да нè однесе неудобноста.

## ТАГАТА НА НАСТРАНИТЕ

Дебатата околу законското признавање на нехетеронормативните врски стекнува суштинско значење во време на загуба. Квир-историите раскажуваат за неизбежни неправди, на пример, кога семејствата законски не ги признаваат геј-лицата и лезбејките кои оплакуваат во болница. Во ова поглавје би сакала да појаснам дека признавањето на настраните животи води кон избегнување на асимилацијата преку преиспитување на улогата на тагувањето во квир политиката. Веќе е утврдено дека тагата ја поддржува, па дури и ја формира хетеросексуалноста на нормативниот субјект. На пример, Џудит Батлер тврди дека хетеросексуалниот субјект мора да се „откаже“ од потенцијалот за “девијантна“ (queer) љубов, но оваа загуба не може да се тажи, и засекогаш се исклучува, односно му се забранува на субјектот[xxxi]. Како таква, хомосексуалноста се претвора во „загуба што не може да се тажи“, која го прогонува хетеросексуалниот субјект преку меланхоличната идентификација со она што е отфрлено засекогаш. За Батлер, загубата што не може да се тажи се иместува: хетеросексуалната култура, бидејќи веќе се откажала од способноста да тажи по сопствената загубена настраност, не може да тажи над загубата на настраните животи; не може да признае дека настраните животи се животи кои можат да се загубат.

Едноставно кажано, настраните животи мора да бидат признаени како животи за да бидат тажени. На одреден начин, не станува збор за тоа дека настраните животи постојат како „загуба што не може да се тажи“, туку дека загубите на настранитевоопшто не можат „да се признаат“ како форми на загуба, бидејќи настраните животи не се признаени како животи „кои може да се изгубат“. Пред да се препознаеш себеси како личност која губи нешто, треба да се препознаеш како личност која има нешто. Секако,

загубата не имплицира дека ни било одземено нешто што било наше. Значењето на загубата преминува од „крај на една врска“ во страдање и лишување. Загубата имплицира осознавање на посакуваноста на она што еднаш сме го имале: мора да се сака за да се изгуби. Како таква, непризнавањето на квир-загубата како загуба исто така претставува неуспех да се признаат ненормативните врски како значајни врски, односно ненормативните животи како животи вредни за живеење, или неуспехот да се признае дека настраните лица не претставуваат само пропаднати хетеросексуалци, хетеросексуалци кои не успеале „да бидат“. Со оглед на тоа што настраноста се чита како форма на „неживот“ – при што смртта значи да се биде согледан како нерепродуктивен – тогаш настраните веќе се мртви и не можат да умрат. Според Џеф Нунокава, хетеронормативната култура подразбира смрт за настраноста „од самиот почеток“[xxxii]. Загубата на настраните не се уважува бидејќи веќе ѝ претходи на можноста за остварување на врска.

Оттука, квир активизмот се поврзува со политиката на загуба, со прашањето кои загуби можат да се тажат. Политизацијата на тагата беше од суштинско значење за активизмот поврзан со СИДА и трансформацијата на тажењето во милитантност[xxxiii]. Како што вели Ен Цветковиќ: „Кризата поврзана со СИДА-та, како и која било траумatична средба со смртта, ги предизвика стратегиите за паметење на мртвите и го наметна изумувањето нови форми на тажење и комеморација“[xxxiv]. Активизмот поврзан со СИДА - движењето произведе дела на колективно тажење кои се обидуваа да ја оприсутнат загубата на настраните животи во јавната култура: на пример, со проектот Покривки на имиња (Names Project Quilt), во кој секоја покривка означува загуба споена со друга во потенцијално бесконечен приказ на колективна загуба. Но, какви се политичките ефекти доколку се оспори неуспехот да се признае загубата на настраните со тоа што јавно ќе се изложи таа загуба?

За да одговориме на ова прашање, првин ќе ги разгледаме изложените јавни форми на тага како последица на 11 септември 2001 година. Според Марита Стакерн, залетот за комеморација како последица на настанот не само што имаше цел да го замени отсуството со присуство, туку служеше да се претстави отсуството преку одредени загуби, но не и други. Од една страна, индивидуалните





загуби на саканите други беа тажени и излегоа на површина како нишки во структурата на колективната тага. Индивидуалните портрети на тага во „Њујорк Тајмс“ и комеморациите на индивидуалните загуби објавени низ градот имаа функција на сведоштво; оприсутнување на индивидуалната загуба пред другите. Се отсликува животот за бројот да се претвори во битие, загубено од некого; одовде, загубената личност не само што недостига, туку таа му недостига некому. Сепак, одредени загуби ја отелотворија колективната загуба повеќе од други. Како што предлага Стакерн, се конструираше „хиерархија на мртвите“: „Известувањето за 11 септември од страна на медиумите воспостави хиерархија на мртвите, на пример, со привилегирањето на приказните за државните службеници, пожарникарите пред администрацијата, полицајците пред чуварите, приказните на тие што поседуваат економски капитал наспроти оние што не го поседуваат, на пример, трговците пред чистачите“[xxxv]. Додека едни загуби се привилегираат наспроти други, некои загуби воопшто не постојат како загуби. Одредени загуби се прифаќаат (како „наши“), со што другите загуби воопшто не се препознаваат како загуби.[xxxvi]

Загубите на настраните се вброија меѓу загубите исклучени од јавната култура на тагата. Според Дејвид Л. Енг, јавните скрипти на тага по 11 септември беа преполни со знаци на хетеронормативност: „Реториката на загубата на ’татковци и мајки‘, ’синови и ќерки‘ и ’браќа и сестри‘ го следи незабележливото израмнување меѓу нацијата-држава и нуклеарното семејство, симболиката на крвните односи и националниот семеен живот“[xxxvii]. Токму поради ова бришење, одредени квир-групи реагираа со именување на квир-загубите. Претседателот на Националната асоцијација на геј и лезбејки новинари[xxxviii], на пример, ги именуваше квир-загубите преку именување на индивидуалните настрани лица загинати на 11 септември, но и опишувајќи го самиот настан како загуба за квир-заедницата. Интересно во ваквата реакција е што ги опфаќа двете заедници: нацијата и квир-заедницата, со употреба на заменките за прво лице множина при описот на двете. Првата заедница е заедницата на сите Американци: „Оваа незамислива загуба нè погоди во срцевината на поимот за мир и безбедност“. Во оваа изјава 11 септември нè погоди „нас“ во истото место. Но, различноста на ЛГТБ

Американците се потврдува дури и со употребата на ваквата терминологија: „Дури и во добар ден, повеќето ЛГБТ Американци не се чувствуваат безбедно или барем се чувствуваат ранливо во секој поглед. Ова чувство сега стана поакутно и ја обви целата нација“. Чувствата на ранливост специфични за заедницата на настраните прво се именувани, а потоа преминуваат во чувство кое ја покрива целата нација, ги прекрива разликите. Преминот се потпира на аналогијата меѓу чувствата на настраните (небезбедност, ранливост) и чувствата на граѓаните кои живеат под закана од тероризам (види поглавје 3). Наративот имплицира дека тероризмот придонесува речиси целата нација да биде настрана: хетеросексуалците им се „придружуваат“ на настраните во чувствата на ранливост и страв од напад. Секако, во „станувањето“ настрана, нацијата останува различна од оние што веќе „се“ настрани.

Напнатоста меѓу „ние“ на нацијата и „ние“ на заедницата на настраните се изразува и преку евокацијата на „омраза“: „Како и другите, и нашата заедница многу добро ги познава разорувачките ефекти на омразата“. Ваквиот исказ е комплексен. Од една страна, оваа изјава го свртува вниманието кон искуството на омразеност кое ја мачи националната имагинарност, што претполага разлика меѓу толерантни мултикултурни субјекти кои „сакаат“ и фундаменталисти и расисти кои „мразат“ (види поглавје 6). Со тоа што покажува дека настраните лица се заедница „омразена“ од имагинарната нација, изјавата ја прекршува идеалната слика која нацијата ја има за себе („Америка може да ги мрази другите (настраните), но и да биде омразена од други“). Но истовремено, овој наратив го повторува доминантниот: трагедијата на настанот е последица на „нивната омраза“ кон „нас“ („Зошто нè мразат?“). Конструкцијата на заедницата на настраните како омразена заедница, која ја поделува нацијата, преминува во конструкција на нацијата како „омразена“ од други. Нацијата се воведува повторно како кохерентен субјект во рамките на исказот: заедно сме омразени и во омразеноста сме заедно.

Во рамките на оваа реакција на настраните, со жалењето се одговара на загубата на „секој живот“, вклучително и на „членови на нашата заедница“. Се даваат индивидуалните имиња, а загубите се именуваат како квир-загуби: „Меѓу нив се наоѓа американски копилот во авионот што се урна во Пентагон; медицинска сестра од Њу Хемпшир; двојка која патувала со тригодишниот





син“. Понатаму, загубите се евоцираат преку јазикот на херојство и храброст: „Микал Џаџ, татко, капелан во Противпожарната бригада на Њујорк, починат при земање последна исповед на повреден пожарникар, и Марк Бинингам, директор за јавни односи во Сан Франциско кој помогна да се спречат киднаперите во авионот“. Секако, повикот за препознавање на квир-храброста и квир-загубата има цел да ги „обележи“ другите веќе именувани како загуби. Односно, самата потреба одредени загуби да се идентификуваат како квир-загуби открива дека на прво место повеќето загуби биле раскажани како хетеросексуални загуби. Навидум необележаните индивидуални загуби привилегирани во медиумите се обележуваат преку именувањето на другите загуби како квир-загуби/загуби на настраните. Ризикот од „обележување“ е дека загубата на настраните ќе се именува како загуба веднаш покрај другите загуби; употребата на хуманистички јазик за индивидуалната храброст и херојство ги прави овие загуби како другите. Оттука, квир-загубата се присоединува кон загубата на нацијата, во која „ние“ секогаш е „и ние“. Исказот „и ние“ повлекува и признавање на исклучувањето во минатото („и“ покажува дека „ние“ мора да се дополни), и барање за вклучување (ние сме како вас во загубата). Иако таквото тажење ја предизвикува воспоставената „хиерархија меѓу мртвите“ (Sturken, 2002: 384), истото функционира и како форма на прикривање; искажувањето тага ја „покрива“ нацијата. Настраните животи се оплакуваат како настрани животи само за да се поддржи тагата на нацијата, со што се продолжува прикривањето на другите загуби (на пример, загубите во Авганистан, Ирак, Палестина).

И додека реакцијата на Националната асоцијација на геј и лезбејки новинари по повод 11 септември го предизвикува начинот на кој нацијата е обезбедена со тоа што едни загуби ги прави повидливи од други, таа овозможува именувањето на квир-загубите да го поддржи наративот кој имплицитно го критикува. Но не смееме да реагираме со отповикување на барањето за признавање на тагата на настраните. Веќе ја регистриравме душевната и општествената цена на непризнаените загуби. За квир политиката/политиката на настраност, предизвикот се јавува во пронаоѓањето поинаков начин на оплакување и реагирање на тагата на другите. За поинаквото промислување на етиката и политиката на тагата на настраните, би сакала повторно да ја разгледаме комплексноста на тагата како

психосоцијален процес на соочување со загубата.

Разграничувањето што го прави Фројд меѓу жалењето и меланхолијата може да ни помогне. За Фројд, жалењето е здрава реакција кон загубата бидејќи е поврзано со „ослободувањето“ на изгубениот објект, љубената личност или апстракцијата која го зазела нејзиното место[xxxix]. Меланхолијата е патолошка: егото одбива да го ослободи објектот и го зачувува објектот „во себе“[xl]. Во првиот случај „светот станува сиромашен и празен“, додека во вториот, „е самото его“ (Freud, 1934b: 155). Меланхолијата повлекува асимилација: објектот опстојува, но единствено доколку е вклопен во субјектот како еден вид привидна смрт. Основната претпоставка во разграничувањето на Фројд посочува дека е добро и здраво да се „ослободи“ загубениот објект (да го „ослободиш“ она што веќе „заминало“). Ослободувањето на загубениот објект претставува етичка и „здрава“ реакција на другоста на другиот.

Но, идејата дека е „подобро“ да „ослободиш“ е оспорена. На пример, збирката „Врски кои опстојуваат (Continuing Bonds)“ ја преиспитува идејата дека целта на тагата е да се прекинат врските со починатите за преживеаниот полесно да создава нови врски“[xli]. Силверман и Клас предлагаат дека целта на тагата не е да ослободиш, напротив, таа се крие во „постојано преговарање на значењето на загубата со текот на времето“[xlii]. Со други зборови, меланхолијата не треба да се сфаќа како патолошка; желбата да се одржи врската со загубениот ги овозможува, наместо да ги попречува новите форми на сврзување. Впрочем, постојат тврдења дека одбивањето да се ослободи е етичка реакција на загубата. На пример, Енг и Казанџиан го прифаќаат разграничувањето меѓу жалењето и меланхолијата на Фројд, но тврдат дека меланхолијата е пожелна како начин да се реагира на загубата. Жалењето овозможува постепено повлекување од објектот и со тоа го негира другиот преку заборавот на неговата трага. За споредба, меланхолијата е „трајна оддаденост на егото кон загубениот објект“ и како таква претставува начин да се задржи другиот, а со него да се одржи минатото во сегашноста (Eng and Kazanjian, 2003: 3). Во овој модел, одржувањето на минатото во живот, дури и кога тоа е загубата, е етичко: објектот не е одделен од историјата, или кодиран, туку може да се стекне со нови значења и можности во сегашноста. Да ослободиш би значело





да убиеш повторно[xliii].

Делото на Енг и Хан посочува на етичката должност да се одржи мртвиот друг во живот. Прашањето како да се реагира на загубата бара преобмислување на тоа што значи да се живее со смртта. Во Фројдовата критика на меланхолијата, нагласокот е на загубениот надворешен објект, она што за мене е друго, кој се зачувува со тоа што станува внатрешен за егото. Според Џудит Батлер, објектот не е напуштен, туку е преместен од надворешното во внатрешното[xliv]. Сепак, преминот кон тага не значи едноставно „воспримање“ на она што е „надвор“. За да се изгуби објектот, мора претходно да постоел во субјектот. Сфаќањето на „внатрешноста“ единствено како историја на мината асимилација („воспримањето“ како „создавање сличност“) би било премногу ограничувачко, иако асимилацијата е суштинска за љубовта, како и за тагата, како што веќе кажав. „Внатрешноста“ може да се сфати и како ефект на „сврзаноста“ (withness) при интимност, што повлекува да бидеш под влијание на другите. Според феминистичките критичарки, ние сме „со другите“ пред да бидеме дефинирани како „одделени“ од другите[xlv]. Секој од нас, во оформувањето од другите, носи со себе „впечатоци“ од тие други. Впечатоците, секако, претставуваат спомени од овој или од оној друг, кон кои се навраќаме во лепливата метонимија на нашите мисли и соништа, и преку поттикнување разговори со другите или преку визуелната форма на фотографиите. Оваа „сврзаност“, исто така, го оформува нашето тело, гестовите, начинот на изразување: прибираме парчиња еден од друг како резултат на интимноста или близината[xlvi]. Секако, до одреден степен, оваа близина повлекува создавање сличности. Но, хибридната работа на создавање на идентитетот не се сочинува во јасната сличност на еден со друг. Повлекува динамичен процес на постојано појавување на површината: деловите од мене во кои се сочинети твоите „впечатоци“ не можат да се сведат на „тебе-својственоста“ (you-ness) од „тебе“ (you), а сепак тие се повеќе од само јас. Оттука, создавањето на субјектот зависи од впечатоците на другите, и овие „впечатоци“ не се истоветни со карактерот на „другите“. Другите постојат во мене и истовремено „одделно“ од мене. Доколку те примам во себе, не значи и дека „ќе станам како тебе“, или „ќе те создадам како мене“, бидејќи други оставиле впечаток врз мене, ја оформиле мојата

површина на еден или на друг начин.

Значи, да се изгуби друг не значи и да се изгубат впечатоците, дел од кои дури се и несвесни. Да се зачува врската не значи надворешниот друг да се направи внатрешен, туку да се одржат впечатоците во живот како аспекти на нечие себство кои истовремено се и себеси и повеќе од себеси, како знак на долгот кон другите. Другиот може да го ослободиме, како туѓинец, но сепак да ги одржиме врските со тоа што ќе ги одржиме впечатоците од загубениот. Ова не значи дека „впечатоците“ го заменуваат другиот како невистинита и смртоносна замена. Ниту, пак, таквите „впечатоци“ мора да останат исти. Иако другиот не е жив за да создаде нови впечатоци, впечатоците го следат моето движење: поинаква перспектива во разговор кога ќе слушнам нешто непознато; трепетот на нечиј лик низ времето, твојот лик, а мојата претстава за тебе. Оплакувањето на другите значи да се одржат во живот нивните впечатоци во нивната смрт.

Етичкото и политичкото прашање за настраните субјекти не би било дали да се тажи, туку како да се тажи. Во дел од реакциите на 11 септември, јавно искажаната тага ја постави квир-загубата како објект, покрај другите загуби, и на овој начин ја конструираше нацијата како вистинскиот субјект на тагата. Но, настраните субјекти можат да ги споделуваат впечатоците од оние што ги изгубиле без да се трансформираат тие впечатоци во објекти кои нацијата ќе ги апроприра или ќе ги прими. Токму тоа претставуваше проектот Покривки на имиња, иако одредени теоретичари, како што е Кримп, покажаа резервираност заради начинот на кој проектот ја санитаризираше загубата за поширокатa публика[xlvii]. Според Кен Пламер, важноста на проектот не е во начинот на кој ѝ се обраќа на нацијата, како на замислен субјект кој можеби би ја прифатил тагата како своја, туку во процесот на справување со тагата заедно со другите. Тој предлага дека „приказните помагаат при организирањето на текот на интеракцијата со тоа што го сврзуваат или го нарушуваат односот на себството со другиот и со заедницата“[xlviii]. Можеби настраните форми на тага ги одржуваат впечатоците на загубените споделувајќи ги со другите. Споделувањето на впечатоците е возможно доколку загубата не се трансформира во „наша загуба“ или се претвори во објект: кога загубата станува „наша“, се одзема





од другите. Неименувањето на „мојата“ или „твојата“ загуба како „наша загуба“ не повлекува приватизација на загубата, туку генерирање публика во која споделувањето не се заснова на претпоставката за заедничка сопственост. Квир политиката на тажење мора да им даде на другите, оние чии загуби не се признаени од нацијата, простор и време за тагување, наместо да тагува за тие други или, пак, да бара од „нацијата“ да тагува по нив. Во оваа политика, признавањето е значајно, а не признавањето на тагата на другиот, но на другиот како тагувач, како субјект, а не како објект на тагата, субјект кој не е сам во својата тага бидејќи тагата е за другите и е насочена кон другите.[xlix]

Неопходно е да се пронајдат начини за споделување на тагата на настраните со другите токму поради одбивањето да се признае загубата на настраните (да не зборуваме за квир-тагата). Во интимната и трогателна етнографија за смртта на нејзиниот татко, Ненси А. Неплс прикажува дека отфрлањето од страна на нејзиното семејство за време на погребот придонело поддршката од нејзиното настрано семејство на згрижувачи да стане позначајна[l]. Да се поддржат другите како тагувачи – не со тоа што ќе тагуваме за нив, туку со тоа што ќе им дадеме простор и време да тагуваат – е уште позначајно кога тие други се исклучени од секојдневната мрежа на легитимизација и поддршка. Тековната работа на тагата помага да се одржат спомените за заминатите, да се згрижат тие што тагуваат и да се дозволи впечатоците на другите да ја допрат површината на заедницата на настраните. На тој начин, заедницата на настраните се противи да стане едно и да се порамни со патриотското „ние“ на нацијата, единствено кога загубата е признаена како таква која не може едноставно да се претвори во објект, а сепак е со другите и за другите. Овде, твојата загуба не се преведува во „наша загуба“, туку ме поттикнува да се свртам кон тебе и да ти дозволам повторно да впечатуваш во мене.

## НАСТРАНИ ЗАДОВОЛСТВА

Секако, чувствата на настраните не се сврзуваат единствено со просторот на негативноста, дури и кога таа се преведува како

грижа за други. Квир политиката повлекува и уживање, каде што „не“ нуди надеж и можност за други начини на населување на телата. На кој начин задоволствата во настраната интимност ја предизвикуваат ознаката на терминот “настрано“ како објект, она што е „протерано од доменот на поднесливото“[li], дури и како „смрт“ неизбежна заради неуспехот да се репродуцира животот? Ризично прашање. Иако настраните лица се конструирани како објектни битија, тие, исто така, се и извор на желба и фасцинација. Мајкл Бронски ја истражува тензијата меѓу „хетеросексуалниот страв од хомосексуалноста и геј-културата (и задоволството кое тие го претставуваат) и еднакво силната завист и желбата да се ужива во таа слобода и задоволство“[lii]. Жижек, исто така, ја истражува амбивалентноста на вложувањето во „другиот“ како тој што „ужива“ и чие уживање ја надминува економијата на влогот и добивката[liii]. Расистот или хомофобот се обидуваат за да го украдат ова уживање, за кое тие претпоставуваат дека им било одземено преку агресијата на нивната омраза (види, исто така, поглавје 2 и поглавје 6). Да се зборува за настраното задоволство како можно место за политичка трансформација повлекува и ризик да се потврдат конструкциите за настраноста кои го одржуваат местото на (хетеро)нормативниот субјект.

Сепак, на другите може еднакво да им се завидува поради недостигот на уживање, автентичноста на нивното страдање, нивната ранливост и болка. Јас истражував за тоа како влогот во ликот на другиот кој страда го нуди задоволството на добротворност на западниот субјект (види поглавје 1). Во рамките на Ленинистичката теорија за партијата, која ја предводи револуцијата или делата од постколонијалните студии, исто така, се јавува вложување во болката и борбата на пролетеријатот, односно на селанецот. Овде влогот дозволува проектот да зборува од името на другиот, чија тишина се толкува како повреда[liv]. Со други зборови, другиот станува влог со тоа што на нормативниот субјект му нуди визија за она што недостига, без разлика дали тој недостиг е форма на страдање или лишување (сиромаштија, болка), или прекумерност (задоволство, уживање). На другиот му се препишува афектот (кој е во болка, или добива задоволство) како средство за конституирање на субјектот. Не велам дека задоволството на настраните (кое им е забрането на хетеросексуалците) ги прави „настрани“, но ќе го разгледаме





начинот на кој телесните и општествените практики на настрано задоволство ја предизвикуваат економијата која дистрибуира задоволство како форма на посед – како чувство кое го имаме – на прво место.

дел од жртвите предизвикувале симптоми на нервна болка без видлива физичка основа.[viii] Оттука, траумата и модерноста можат да се разберат како заемно конститутивни категории. Траумата е едно од афектните искуства, или, со зборовите на Рејмонд Вилјамс, една од „структурите на чувства“, специфични за проживеаното искуство на капитализмот. Според останатите марксистички теоретичари, а особено според Валтер Бенјамин, категоријата *шок* претставува начин на опис на модерниот живот, пред сè во урбан контекст, во обид да се посочат неговите ефекти на сетилата.

Сепак, во најголемиот дел, социокултурните пристапи на траумата беа засенети од психоаналитичкиот и психијатрискиот дискурс, не само со работата на Фројд туку и со проучувањата на истражувачите од деветнаесеттиот век, со теориите на современиците на Фројд, како Пјер Жанет (чија теорија за дисоцијација претставува алтернатива на Фројдовиот поим за репресија) и, од понеодамна, развојот на посттрауматското стресно нарушување (ПТСН) како клиничка дијагноза. Впрочем, психоанализата, исто како и траумата, е изградена врз претпоставката дека болеста може да биде ментална, не само физичка, а сличноста и споделената историја на двата концепта го отежнуваат нивното одвојување. Сепак, јас настојувам да ѝ одолеам на ваквата тенденција, со проследување на историската вгнезденост на траумата не само во модерно време туку и во бројни историски феномени, меѓу кои се вбројуваат не само Првата светска војна, Холокаустот и Виетнам туку и феминистичките дискурси за насилството, искуствата поврзани со миграција и *квир*-активизамот. Клиничката дефиниција на траумата како ПТСН вклучува долг список на симптоми (хипервозбуда, отрпнатост, повторување) и опис на настанот што ја предизвикува траумата – „отаде вообичаеното човечко искуство“ во случајот со „Статистичкиот прирачник за дијагностицирање на ментални нарушувања“ (*Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders – third edition and revised third edition, DSM – III and IIIR*) или, пак, „смрт, смртна закана, сериозна повреда или друга закана за физичкиот интегритет на личноста“ (*Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders fourth edition and revised third edition, DSM – IV*).[ix] За разлика од овие позиции, траумата ја разгледувам како социјален и како културен дискурс што произлегува како резултат од барањата за справување со менталните последици на историските настани. Во културолошката дефиниција, наспроти клиничката, студиите за





траумата прерасnaа во интердисциплинарна област за истражување на јавните култури создадени околу трауматски настани. Траумата прерасна во централна категорија за разбирање на пресекот меѓу емотивните и социјалните процеси на меморијата и на историјата. Таа, според Марита Стуркен и неколкумина други истражувачи[x], претставува извор на „културна меморија“.

Сепак, стриктно историскиот или стриктно конструктивистичкиот пристап кон траумата нема да ги исцрпи нејзините значења или нејзината важност. Траумата има моќно влијание врз културните теоретичари, затоа што нуди примамливи и итни случаи на „непретставливост“, кои ги потврдуваат основните претпоставки на постструктуралистичкататеорија. Во овој поглед, особено се истакнува делото на Кети Карут, која посочи дека траумата претставува епистемолошки предизвик што се наоѓа на „границите на нашето разбирање“, како и на крстосницата на „комплексниот однос меѓу знаењето и незнаењето“.[xi] Влијателната дефиниција на Карут за траумата како „неутврдливо искуство“ (*unclaimed experience*) го пренасочува фокусот на вниманието од специфичноста на трауматичниот настан кон неговата структурна непознатост. Карут ги нагласува парадоксите на траумата, при што особено се повикува на деконструктивистичките читања на Фројд. Со слични резултати, иако не само со употреба на психоаналитичкиот туку и на марксистичкиот пристап, Марк Селцер ќе забележи дека трауматскиот дискурс е значаен токму затоа што ги предизвикува разликите меѓу менталното и физичкото, духовното и социјалното, внатрешното и надворешното, како локации или како извори на болка. Дискурсите на траумата служат како средство за истражување на односот меѓу овие категории, наместо како средство за нивното разрешување преку дефиниција. Кога траумата премногу ексклузивно се психологизира или се медикализира, се губи нејзината способност за проблематизација на концептуалните шеми, чиешто истражување е еден од придонесите на културната теорија за студиите на траумата.

Универзирачката форма за теоретизирање на траумата на Карут ја разгледувам од одредена дистанција. Нејзиното дело е преносливо на бројни контексти поради апстрактноста на нејзините формулации. Со доследно нагласување на прашањата поврзани со епистемологијата и со траумата, како структурно неспознајни, таа ги израмнува специфичностите на траумата во одреден историски и во одреден

политички контекст. Иако Карут не го утврдува секогаш историското потекло на своето дело (се воздржува од историските читања на Фројд, на пример), тоа е вкоренето во текстовите на Фројд и има силна поврзаност со студиите за Холокаустот. Понатаму, Карут се фокусира на траумата како на катастрофален, а не како на секојдневен настан. Се повикува на Фројд при употребата на примерот за „несреќата“, како начин да се опишат контингентноста на траумата и недостигот од дејство – модел што не функционира за трауматичните истории што произлегуваат од системските контексти. Спротивно од ова, јас настојувам да се фокусирам на историските локации од кои потекнуваат теориите за траумата и на можните ограничувања на ваквите модели за поинакви контексти. Ваквата претпоставка е неопходна за да се создаде простор за категоријата на сексуалната траума и за лезбиските контексти, од кои потекнуваат повеќето од моите случаи – примери што се навидум споредни за дискусијата за траумата. Без да го отфрлам нагласокот на Карут и на останатите врз „непретставливоста“ на траумата, настојувам повторно да го артикулирам таквиот аргумент преку склоп на примери што, сами по себе, претставуваат локус на новите теории на траумата.

Според клиничката дијагноза за ПТСН, траумата се дефинира како неподнослив интензивен настан што поттикнува одредени симптоми кај пациентот. Постструктуралистичкататеорија ја дефинира како „непретставлив“ настан. Јас траумата ја разгледувам како дел од афектниот јазик што го опишува животот во капитализмот. Ја обработувам социјалната значајност, па и парадигматичност, на шокот и на повредата во рамките на културното искуство. Настојувам да се фокусирам на начинот на кој трауматичните настани се прекршуваат нанадвор за да произведат различни афектни реакции, а не само клинички симптоми. Згора на тоа, наспроти индивидуалистичките пристапи на клиничката психологија, ја разгледувам траумата и како колективно искуство што генерира колективни реакции. Ме привлекуваат историските толкувања на траумата, претставувајќи ја како начин да се опише начинот на кој живееме, а особено начинот на кој живееме афектно.

Четирите теоретски приврзаници – феминизмот, критичката расна теорија, Марксизмот и *квир*-теоријата – од кои секој да свој придонес, но истовремено создал и проблеми за теоријата на траумата,





служат како појдовни точки за студијата. Од феминизмот произлегува интересот да се поврзат вкрстувањата, кои понекогаш недостигаат меѓу сексуалните и националните трауми, и перцепцијата на траумата како секојдневен феномен. Од критичката расна теорија, особено од афроамериканските студии, потекнува сфаќањето на траумата како камен-темелник на националните истории и како за искуство што се пренесува на бројни генерации. Од Марксизмот доаѓа дијалектичкиот пристап кон пресекот на проживеаното искуство и на системските општествени структури, како и на местото на траумата во социјалната историја на сензацијата. Од *квир*-теоријата доаѓа критиката кон пристапите на патологизирање на траумата, како и цела архива на примери од јавната лезбиска култура. Теоретските ресурси се неопходни за да се оправдаат случаите што никогаш не ги исполнуваат очекувањата дека траумата треба да биде катастрофална и екстремна. Напротив, заинтересирана сум за начинот на кој траумата се зацврстува на ниво на секојдневното и за несомерливоста на настаните од широки размери и на тековните материјални детали на искуството. Со цртењето од овие теории, се надевам дека ќе им го одземам авторитетот над трауматските дискурси на медицинскиот и на научниот дискурс, со цел да го вратам во рацете на оние што ја создаваат културата, но и дека ќе поттикнам нови модели за промислување на начините на кои афектниот живот може да послужи како темел за јавната култура.

***

## ФЕМИНИЗМОТ И СЕКСУАЛНАТА ТРАУМА

Иако мојот пристап, кој ја разгледува траумата како секојдневен феномен, а не само како катастрофален, е присобран од културата на Холокаустот, тој повеќе произлегува директно од мојот интерес за оспориениот статус на сексуалната траума, кој, од своја страна, е во фокусот на феминистичката критика на дефинициите за траумата и на жестоките контроверзии *во рамките* на феминизмот. Една цел е да се покаже како настрана перспектива ускладена со каприцот на сексуалноста, а таа може да разреши дел од загатките

што сексуалната траума им ги постави на феминистките, посебно во нивните напори да ѝ дадат централно место во рамките на клиничката дефиниција на траумата. Иако искуството со ветераните од војната во Виетнам беше инструментално за воведувањето на ПТСН како дијагноза во третото издание на „Статистичкиот прирачник за дијагностицирање на ментални нарушувања“ од 1980 г., зголемениот фокус кон силувањето, сексуалната злоупотреба и кон домашното насилство, особено од страна на психолозите-феминисти, исто така, имаше значајна улога за барањето да се утврди како клиничка дијагноза.[xii] Според Џудит Херман, една од најзначајните феминистички експерти за траума, „дури со движењето за ослободување на жените во 1970-тите се покажа дека најчестото посттрауматско стресно нарушување не е она на мажите во војната туку она на жените во цивилниот живот. Вистинските услови за животот на жените се сокриени во личниот, во приватниот живот“.[xiii] Сепак, како што забележува и самата Херман, Фројд ги анализира двата вида на траума, иако се јавува судир меѓу неговата претстава за природата на „шокот кој резултира од изложеноста на бомбардирање во војна или борба“ (*shell shock*) предизвикан од катастрофален настан како форма на трауматска невроза, и неговото контроверзно напуштање на теоријата на заведување со цел да се разбере потеклото на детската траума во фантазијата. Без разлика дали се признаени или не, во рамките на историјата на дискурсот за траумата се вметнати дебати за родот и за сексуалноста, како и за односот меѓу приватните и јавните сфери, со кои се засегнати феминистичките теоретичари. Оттука, увидите на феминистичката теорија имаат значајни импликации за теоретичарите на траумата, додека контроверзиите поврзани со вистината за повратеното сеќавање создадоа ситуација, во која статусот на феминизмот тесно се поврзува со сексуалната траума.

Особено моќна поради комбинацијата на народската психологија, авторитетот на клиничката психологија и феминистичката посветеност на социјалните промени, „Траума и закрепнување“ на Херман го користи јазикот на одделните сфери за да го опише предизвикот што произлегува преку интегрирањето на феминистичкиот свет на сексуалната траума со мажествениот свет на воената траума. Иако книгата на Херман не ги содржи задачите ниту, пак, долгите лични наративи од „Храброст да се заздрави“, сепак, таа нуди краток преглед на симптомите на траумата и прави чекор кон закрепнувањето, со тоа





што на читателите им помага да се дијагностицираат и да се разберат себеси, а вклучува и лични сведоштва на преживеаните. Автор на едно од првите и од највлијателните дела за инцестот, „Инцест татко-ќерка“, Херман, во „Траума и закрепнување“, прави обид да воведе феминистичка перспектива кон траумата во глобален контекст и да напише книга достапна за поголемиот дел од читателската публика.[xiv] Следејќи ја историјата на дискусиите за траумата во текот на минатиот век, Херман лоцира раслоени моменти: откритието на хистеријата од страна на Фројд, дијагностицирањето на ПТСН и неговото вклучување во *Прирачникот* по војната во Виетнам, како и феминистичкиот фокус кон сексуалната злоупотреба. Историскиот пристап на Херман кон траумата, неочекуван за една анализа заснована на научно истражување, потекнува од нејзината феминистичка политика. Едно од тврдењата во книгата е дека фокусот кон траумата се постигнува единствено кога тој е придружен со одредено општествено движење, како што се феминизмот или противвоеното движење. Оттука, таа остава простор за политичкото и за социјалното во културата на траумата, што е особено видливо во настојувањето за потребата од колективни и од социјални форми на закрепнување покрај индивидуалната терапија. Со својот синтетизирачки пристап, книгата на Херман со право ја заслужува широката прифатеност.

Сепак, иако историскиот пристап на Херман е сугестивен, тој не е доволно историски со оглед на призвукот на телеолошкиот наратив за прогресот манифестиран во политичкото и во општественото препознавање на траумата. За неа, „траумата“ претставува откритие, а не изум, и покрај тоа што им придава големо значење на социјалните институции и на политичките движења. При соочувањето со траумата таа, исто така, се повикува на науката и на медицината за да ги утврди нејзините карактеристики. Позначајно, во обидот траумата да ја поврзе со сексуалната траума, Херман ја натурализира траумата дури и додека ја историзира. За да ги изедначи различните форми, таа ја нагласува психичката реалност како заеднички именител, давајќи преглед на симптомите на трауматската реакција – како што се хипервозбудата, интрузијата (вклучително и *флешбек*-кратките моменти на навраќање во минатото), стегањето или отрпнувањето – присутни во сите случаи на ПТСН.[xv] Потрагата по суштинските симптоми на ПТСН ја отсликува тенденцијата на клиничката психологија да ја медикализира менталната болка, а како пример за ова

може да послужи и современата ревност за фармацевтскиот третман на депресијата.[xvi] Херман артикулира модел на ефектите на траумата и на фазите на закрепнување што е заеднички за сите трауматски искуства, настојувајќи да ги изедначи разликите што произлегуваат како резултат од разграничувањата меѓу приватната и јавната сфера. „Хистеријата кај жените и борбата со неврозата кај мажите е едно. Доколку се препознае заедничкото во страдањето, би било возможно напати да се трансцедира огромната бездна што ја одвојува јавната сфера на војната и на политиката – светот на мажите – од приватната сфера на домашниот живот – светот на жените.[xvii]

Иако пристапот на Херман зрачи со значителна издржливост, се оградувам од него во неколку суштински точки. Најпрво, ја отфрлам потрагата по универзален модел на траумата, затоа што постои ризик да се избришат суштинските разлики меѓу трауматските искуства, разликите во историскиот контекст и во геополитичката локација, како и специфичностите на индивидуалните искуства, кои се губат со дијагнозата што ги открива истите симптоми насекаде. Второ, со оглед на тоа што моделот на одвоени сфери ја репродуцира самата поделба, која Херман настојува да ја анализира, изразувам сомнеж во деградирањето на сексуалното во доменот на приватната сфера и, наместо тоа, ги барам јавните димензии на сексуалната траума. Како што предлага Кети Дејвидсон во воведот на впечатливо насловената збирка „Нема повеќе одвоени сфери!“, не е корисно да се претпоставува дека сексуалноста, интимноста, афектот и другите категории на искуството што вообичаено ѝ се доделуваат на приватната сфера, не се секогаш проткаени и во јавниот живот.[xviii] Напорите ваквата перспектива да ја применам во студиите за траумата се должат на современата мисла не само во феминистичката теорија туку и во *квир*-теоријата. На пример, ненормализираната претстава за јавниот секс, т.е. *квир*-претставата за него, посочува дека јавната/приватната поделеност изискува „реконцептуализација“.[xix]

Еден од најзначајните придонеси на феминистичкиот пристап кон траумата, а кон кој се приклонувам и јас во ова иследување, е фокусот кон траумата како кон секојдневен феномен, со што се расплеткуваат дефинициите на поимот. Делото на Херман, на пример, ги зацврстува границите на универзалниот модел на траумата, со тоа што го оправдува создавањето на нова дијагностичка категорија („комплексно посттрауматско нарушување“) за да се опишат ефектите на постојаната злоупотреба, како, на пример, онаа врз децата што потекнуваат од семејства во кои има насилство. Иако нејзиното тврдење се заснова врз проблематичното изедначување на траумата од присилно затворештво во околности на војна или на измачување со повидливите, иако не и помалку значајните, форми на присилно затворање што ги искусуваат злоупотребуваните деца и претепуваните жени во домот, обидот да се фокусира кон вториве претставува значаен проект за студиите на траумата. Поубедлива е суштинската формулација на Лора Браун за „прикриената“ траума, со која ги опишува секојдневните искуства на сексизмот, кои придонесуваат кон ефектите на попрецизните трауматски искуства, како што е силувањето. Со оваа фромулација таа гради врска меѓу траумата и посистемските форми на опресија.[xx] Дефиницијата на траумата почнува да се извртува со сфаќањето на Браун дека дијагностичката претпоставка, која тврди дека траумата е „настан надвор од опсегот на човековото искуство“, ги исклучува прикриените форми на траума, кои многу често се повторуваат и се нормализирани. Иако и Браун и Херман продолжуваат со работата на категориите на траумата и на ПТСН, нивните критики се значајни. (Впрочем, со последната измена во Статистичкиот прирачник се промени дефиницијата на траумата, со цел да се отстрани клаузата дека траумата стои надвор од границите на вообичаеното или на нормалното.)[xxi]

Од темелно значење за моето проследување е верувањето дека прикриените или секојдневните форми на траума, а особено оние што произлегуваат од систематските форми на опресија, како крајна цел налагаат разбирање на траумата што се движи надвор од медикализираните конструкции на ПТСН. Разликите меѓу траумата како секојдневен и актуелен феномен и траумата како дискретен настан се најголемата последица на родовиот пристап, многу повеќе од разликите меѓу приватната и јавната траума. Предизвикот кај прикриената траума или кај хроничното ПТСН е фактот што тие ѝ се противат на мелодраматичната структура на лесно препознатливото потекло на траумата. Кога причините за траумата стануваат подифузни, истото се случува и со лековите, со што се создава потреба за промена на социјалните структури, во поширока смисла, наместо само да се лекуваат индивидуални лица. Сепак, како што посочува и поврзанос-

та меѓу сексуалната злоупотреба и сексизмот, траумата, како настан, има значајна улога во фокусирањето кон поприкриените форми на траума. Во следните поглавја се истражуваат искуствата поврзани со траумата што не се задолжително трауматични – како што се сексуалните чинови, имиграцијата, активизмот и грижата за болните лица – со цел да се придвижиме отаде очекувањата за траумата, како за катастрофален настан. Свесноста за постоењето на категоријата „прикриена траума“ помага да се избегнат ригидните бинаризми на родовите разлики меѓу приватната и јавната траума или меѓу сексуалната и националната траума, кои често се репродуцираат, дури и во феминистичките дела што настојуваат да ги трансцедираат оддлните сфери на парадигмата.[xxii]

***

Феминистичките напори, кои настојуваат да ја пренесат во преден план сексуалната траума, имаат контроверзна и непријатна историја во последните неколку децении, така што се поставија многу прашања за стратешката вредност од градењето на феминистичка политика на оваа тема. Вжештените дебати во текот на 1990-тите за повратеното сеќавање посочуваат дека ризикот од таквата стратегија е висок. Од една страна, феминистките тврдат дека сеќавањата за сексуалната злоупотреба треба сериозно да се разгледаат како извор на проблемите кај жените, а од друга страна, родителите и медицинските лица зборуваат за синдром на погрешно сеќавање, при залагањето дека повратеното сеќавање за сексуалната злоупотреба може да им се припише на индивидуи што, во голема мера, се подложни на сугестии. Самите феминистки, исто така, тврдат дека една од опасностите на движењето на повратено сеќавање е промената од политиката на движења (*movement politics*) кон терапевтската култура, како лично, а не како социјално средство за трансформација.  Вжештените дебати за повратеното сеќавање и за ритуалната злоупотреба, исто така, создадоа сопствени верзии на силна реакција кон терапевтската практика и кон феминизмот.[xxiii] Во своето дело „Храброст за заздравување“, во провокативната критика на дебатите, која истовремено е критика и на теоријата за траума на Херман и на фундаменталниот феминизам, Џенис Хакен тврди дека е неопходна





погрешно насочена психотерапија, доколку сексуалната злоупотреба и повратеното сеќавање се сфаќаат како дел од попродорен сексизам[xxiv]. Според Хакен, за феминизмот сексуалната траума претставува соодветен начин да се лоцира злото на сексизмот. Алузиите за сексуалната злоупотреба се претворија во сензационалистички доказ за феминизмот, кој бара буквален и неоспорен доказ за сексизмот. Повикувајќи се на феминистичката психоаналитичка теорија, Хакен тврди дека сеќавањата за злоупотребата можат да се разберат како фантазии што не се „погрешни“ во емпириска смисла и како фантазии што  нудат средство за артикулација на сексизмот и на формите на сексуалната траума, кои не се толку очигледни како фантазматските сценарија. Со смелата комбинација на феминистичката клиничка психологија и на постструктуралистичкиот феминизам, Хакен повторно преговара со сè уште силно оспориениот однос на феминизмот кон теоријата на заведување на Фројд. Исто како неа, и јас сум свесна за можните опасности за феминизмот што произлегуваат од строгиот фокус кон сексуалната жртва и кон злоупотребата. Тешко е да се артикулира ваквата загриженост, а притоа да не се предадеме на моќта на силната повратна реакција. Но, мора да се остави простор за критика, која, наместо да го отфрли феминизмот затоа што од жените создава жртви, треба да бара посилна и радикална верзија на феминизмот.

Книгава нуди излез од ќорсокакот во кој се наоѓа дебатата за повратеното сеќавање преку комбинираната моќ на проникливоста на *квир*-теоријата и преку практиката на лезбиските јавни култури. И покрај влијателноста на книгата на Херман за фокусот кон сексуалната траума, таа, сепак, остава малку простор за сексуалните практики што земаат замав во рамките на лезбиската јавна култура, како што се *С/М* (*садо-мазохизмот*) и *буч*-женствената сексуалност, како и за позитивните дискурси за сексот, воопшто. Херман повеќе им припаѓа на феминистките што се борат против порнографијата, отколку на оние што се залагаат за сексот. На пример, таа претпоставува дека *С/М*-фантазиите претставуваат само повторување на траумата, а не можен лек, како во делот каде што дава краток опис на клиент за кој *С/М*-фантазиите претставувале идентификација со злосторникот[xxv]. Хакен само површно ја отвора темата за *С/М* и за сексуалниот радикализам, со што ја зацврстува сопствената позиција, но, исто така,

имплицира дека ваквата сексуална култура е реакција против сексуалната репресија на женското движење – еден вид на израз против мајките. Овде се јавува пропуштена можност да се разберат можните придонеси на сексуалниот радикализам кон една поопшта претстава за траумата, придонес што јас настојувам да го дадам овде. Во поглавјата за буч-женствената сексуалност и за инцестот внимателно ги проследувам текстовите и практиките што придонесуваат за нови теоретски артикулации на односот меѓу сексот и траумата како форми на телесно насилство што го нарушува идентитетот. Сексуалните дискурси што бестрашно и бесрамно го истражуваат преклопувањето меѓу задоволството и опасноста во сексуалната практика нудат модел за пристап кон траумата што им одолева на патологизирачките предрасуди.

Слична агенда во истражувањето на лезбиската јавна сексуална култура се јавува доколку им се возврати на феминистичката критика за културата на терапијата и на популарната култура, воопшто, како и на понаклонетите пристапи во рамки на културните студии, со кои се истражува широк опсег на жанрови меѓу кои се и групите за самопомош, емисиите со гостувања, мелодрамите и фармакологијата. Лезбиската култура нуди сугестивни примери за анализа, бидејќи циркулира во веќе оформена јавност и, оттука, го адресира интересот на студиите за рецепцијата, кои, во потрагата по отпор, честопати се наоѓаат заринкани во индивидуализираната природа на потрошувачката. Интимностите на сексуалноста претставуваат материјал за бројни лезбиски јавни култури, вклучувајќи ја и печатената култура на книги за сексот, потрошувачките продавници како што се „Добри вибрации“ и „Играчки во земјата на жените“ (*Good Vibrations* и *Toys in Babe-land*), кои колку се центри за заедницата толку се и (просперитетни) бизниси, а претставуваат и култура на перформанси, како и сексуални супкултури организирани околу сè поголемата распространетост на сексуалните практики.

„Која приказна не ја кажувам? Приказната што не ја кажувам е единствената што претставува лага. Тоа е приказна за животот што го немам, за живот без компликации, мистерија, храброст или без трансфигурација на плотта“.[xxvi] Дороти Алисон, која верува во зборувањето на вистината, претставува совршен портпарол на феминистичкото движење за моќта на кревањето на гласот против





инцестот. Алисон одбива да ги измазни грубите рабови на нејзиното искуство. Таа нуди бескомпромисна слика за тоа како нејзината приказна за сексуална злоупотреба е неразделива од нејзиното потекло од бедната бела класа на Југот, а нејзиното искуство во лезбиската буч-женствена култура посочува на нејзината подготвеност да претстави сексуалност што ги вклучува опасноста, гневот и одмаздата, без страв дека можеби таквата сексуалност е патолошки симптом на траумата. Алисон делумно се воздржува од преупростени приказни, затоа што се воздржува од редукциските приказни за класите:

„Приказните што другите можат да ги раскажат за мојот живот, за животот на мајка ми, на моите сестри, чичковци, братучеди и на моите загубени девојки – тие приказни можат да ме уништат, избришат, исмеат и да ме негираат. Моите приказни ги кажувам на сиот глас: зли и одвратни приказни – мора да се раскажат сите за да не се раскаже онаа што ја бара светот, приказната за нас скршени, приказната во која никогаш не се смееме на глас, во која никогаш не научивме како да уживаме во сексот и никогаш не научивме да сакаме или, пак, повторно да веруваме во љубовта, приказната во која преживеа само плотта“.[xxvii]

Интегрален дел од проектот на Алисон, кој повлекува поинаква приказна за сексуалната траума, е нејзината посветеност кон класата и кон проектот за повторно испишување на културната историја на САД, со цел да ја инкорпорира нејзината верзија на културата кај сиромавата бела класа. При употребата на алатките на *квир*-теоријата со кои интензивно настојува да ја направи сексуалната траума постојано присутна во студиите за траумата, но и да интервенира во овие студии, со нејзиното дело, таа покажува како да се одбие простата и тесноградата претстава за сексуалната траума. Бидејќи често се манифестира како прикриена траума, сексуалната траума се прелева во другите категории. Затоа, еден од проектите на оваа книга е сексуалната траума да се ситуира во однос на траумата како национална категорија, но и да се инкорпорира во националните и транснационалните истории што го обработуваат прашањето за траумата.

# МАРКСИЗМОТ И СЕНЗАЦИИТЕ НА СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

Марксизмот, како и психоанализата, која почесто се смета за првична точка во потеклото на теориите за траумата, претставува суштински извор за моето сфаќање на траумата. Во „Одредени мотиви кај Бодлер“, Волтер Бенјамин истражува на кој начин поетиката на Шарл Бодлер произлегува од искуството на модерниот урбан живот како форма на шок. Иако тој црпи од моделот на Фројд (од „Отаде принципот на задоволство“) за траумата како расцеп или како пенетрација во одбранбениот штит на психата (во споредба со надворешната обвивка на организмот), според Бенјамин, шокот, односно новата форма на чувствено искуство е вклопена во активностите како што се пресретнувањето на масовните толпи во урбаниот живот, работата во фабрика, дури и гледањето на филм, чиј процес на уредување го имитира шокот од модерниот живот[xxviii]. Невообичаениот тип на духовен материјализам на Бенјамин ја следи логиката на капиталот во сетилната средба на критичарот, како *flaneur*, со материјалниот доказ на капиталот во архитектонските простори, комодитетите и во културните објекти. Целта е да се трансформира апстрактната и продорна моќ на капитализмот во нешто што може да се почувствува, а шокот или траумата да се претвораат во парадигматична сензација на секојдневниот живот во капитализмот. На пример, историската анализа на патувањето со железница на Волфганг Шивелбуш, поттикнато од материјализмот на Бенјамин, го следи потеклото на трауматичната невроза во медицинската дијагноза за ефектите од железничките несреќи, претставувајќи ја како една од последиците на индустријализацијата.[xxix] Трауматичниот шок станува регистар на ефектите од животот во рамките на индустријализираното општество – локално искуство на шокот што ги бележи распространетите ефекти на социјалниот живот.

Иако односот на Бенјамин со марксизмот често се толкува како идиосинкретичен, постои силна поврзаност меѓу интересот на Карл Маркс за односот меѓу системската експлоатација и стекнатите искуства на болка, што е најзабележливо во случајот на работникот во фабрика и во актуелната традиција на иследување на чувството





произлезено од животот во системското насилство на капитализмот.[xxx] Во „Капитал“, Маркс не само што настојува да изгради теорија на вишок на вредност , со која ќе се објасни потеклото на експлоатацијата, туку се обидува и да ја документира природата на трудот. Тој, на графички начин, ги опишува ефектите од долгиот работен ден, тесните и нечовечки работни места и монотонијата на механизираната масовна продукција. Како што веќе споменав, иако Маркс инсистира на потребата од теоретска и од концептуална анализа на производството на комодитетите, тој, исто така, е привлечен од сензационалното претставување и од капитализмот како почувствувано искуство.[xxxi]

Постои значителна традиција на „сензационен“ (*sensational*) марксизам, кој ги вклучува Бенјамин и Георг Шимел, а од неодамна и културните теоретичари како Мајкл Тосиг и Фредерик Џејмисон. Последниов ги нагласува шокот и сензацијата како индикатори на променливите економски методи на производството поради способноста на капитализамот да ја преоформи самата структура на секојдневното искуство.[xxxii] Во рамките на марксистичкиот пристап на историјата на сензацијата, траумата може да се разбере како знак или како симптом на поширок системски проблем, како момент во кој апстрактните социјални системи можат вистински да се почувствуваат. Но, трауматичното искуство и неговите последици се обележани не само со интензивни чувства или со хипервозбуда туку и со отсуство на чувства или со отрпнатост. Кога служи како влезна точка преку која се разбира афектниот живот на социјалните системи, траумата мора да се согледа како феномен што истовремено населува и интензивна сензација и отрпнатост, како во секојдневниот живот така и во вонредни околности.

Сепак, неопходно е да се посвети внимание на тоа чие сетилно искуство се претпоставува дека го манифестира духот на времето. Талкачот (*flaneur*) на Бенјамин, кој го искусува шокот од урбаниот живот, па дури и работникот во фабрика на Маркс, се само дел од многуте општествени позиции што го носат белегот на системското насилство. Притоа, архивата на ваквата траума може да е недофатна, односно таа не мора да претставува сетилно очигледен доказ. Доколку капитализмот се сфати како рамка за насилството, наместо наводно поограничените настани, како што е војната, или доколку

ропството се разгледа во контекстот на непрекинатите форми на расизам, задачата да се лоцира таквото насилство може да биде тешка, затоа што не зазема секогаш форма на видливи или на прецизни настани.

Марксизмот што ги обработува траумата и сензациите е недвосмислено во склад со материјалистичкото иследување, но, исто така, интервенира против апстракциите на системската анализа, кои, од своја страна, претставуваат типични тенденции на марксизмот. Траумата, како и претставата за опседнатоста на Евери Гордон, е форма на посредство „што се појавува во полето сместено меѓу нашата способност одлучно да ја опишеме логиката на капитализмот и на државниот терор, на пример, и бројните искуства на ваквата логика (искуства што се, повеќе отколку што не се, делумни, кодирани, симптоматични, контрадикторни, двосмислени)“.[xxxiii] Наместо да понуди анализа што користи генерализација на капитализмот, расизмот или на глобализацијата, Гордон повикува духови што бараат не само нешто да биде спознаено туку да биде и почувствувано и извршено. Претставувањето на духовите налага јазик на графичка и на афектна специфичност, но, со оглед на тоа што духовите се и видливи и невидливи, понудените локални докази не се само емпириски. Она што Кетлин Стјуарт го вели за „приказните за монструозност“ важи и за приказните за трауми: „фасцинираат затоа што драматизираат чудни моменти во кои неочекувано се материјализираат латентни можности, а ефектите сокриени од погледот на прикриен центар ненадејно стануваат опипливи“.[xxxiv] Но, таа предупредува за простото декодирање на таквите моменти преку идеолошка критика, „што претполага дека, по дефиниција, нештата не се како што изгледаат, а експресивните форми се ефекти на подлабока и на повистинита, а вообичаено и дијаболична (или барем депресивна и присилна) структура“.[xxxv]

Во духот на потрагата по иновативни начини на исцртување на глобалните истории во однос на проживеаните искуства и на настојувањето да се долови дисјункцијата меѓу овие истории и искуства, ја истакнувам потребата од сензациони приказни како алтернативна форма на знаењето за апстракциите на системската анализа. Традицијата на сензациониот Марксизам има повеќе имплицитно, отколку експлицитното присуство во следните поглавја, но и понатаму претставува клучна инспирација за мојата посветеност да се препознаат врските меѓу трауматичното искуство и пообемните, како и





поаморфните, општествени проблеми, кои не секогаш се искусуваат како такви. Како и прикриената траума обработувана од феминистките, афективната природа на секојдневните искуства на системско насилство само понекогаш се манифестира како траума. Покрај тоа, трауматичниот настан може да функционира и како симптом, чие значење е нејасно без контекстуализација. Оттука, посредниот однос меѓу траумата и системите на социјално насилство налага методи на анализа за кои траумата не претставува номинална вредност. Но, фокусот кон сензационите и трауматични манифестации на социјалните системи, исто така, налага сомнеж за појава на апстракции и на генерализации што ја прикриваат искусената специфичност на траумата. Впрочем, самата траума претставува еден вид на генерализација со која почувствуваните интензитети на искуството се сведуваат на медикализирана дијагноза на симптоми.

Превод од англиски:
Јулија Мицова

---

i Според Кетлин Стјуарт, живееме во „трауматично време“, каде што историјата и социјалната структура се манифестираат во почувствуваното искуство на катастрофалната траума и на баналните афектни моменти на секојдневниот живот. Види *The Private Life of Public Culture: Scenes from the U.S.*

ii Види: Wendy Brown, *States of Injury: Power and Freedom in Late Modernity* (Princeton, N.J.: Princeton University Press, 1995).

iii Mark Seltzer, *Serial Killers: Death and Life in America's Wound Culture* (New York: Routlegde, 1998), 6.

iv Berlant, *The Queen of America Goes to Washington City*.

v Lisa Duggan, *The Incredible Shrinking Public*.

vi Berlant, *The Queen of America Goes to Washington City, 4*.

vii Види: Crimp, *Mourning and Militancy*.

viii Allan Young, *The Harmony of Illusions: Inventing Post-Traumatic Stress Disorder* (Princeton, N.J.: Princeton University Press, 1995). За сличен генеалошки пристап кон траумата, види: Ruth Leys, *Trauma: A Genealogy* (Chicago: University of Chicago Press, 2000). Додека Јанг се фокусира на институционалните истории, кои водат кон клиничка дијагноза на ПТСН и ѝ посветуваат особено внимание на клиничката работа со ветераните од војната во Виетнам, Лејс ја нагласува психоаналитичката теорија, вклучително и делата на Фројд, Пјер Жанет, Сандор Ференци и Вилијам Сарџент. Особено интересна е нејзината критика на неодамнешната работа на Бесел ван дер Колк, како и пристапот на културните студии на

Кети Карут. За понатамошна дискусија за Лејс, види во епилогот.

ix American Psychiatric Association, *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders*, 3d ed. (Washington, DC.: American Psychiatric Association, 1980), 236; *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders*, rev. 3d ed. (Washington, DC.: American Psychiatric Association, 1987), 247 и *Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders*, 4th ed. (Washington, DC.: American Psychiatric Association, 1994), 424. Дебатите за дефиницијата во третото издание на Прирачникот ќе бидат разгледувани понатаму во поглавјево.

x Marita Sturken, *Tangled Memories: The Vietnam War, the AIDS Epidemic, and the Politics of Remembering* (Berkley: University of California Press, 1997); Mieke Bal, Jonathan Crew, Leo Spitzer, eds. *Acts of Memory: Cultural Recall in the Present* (Hanover, N.H.: University Press of New England, 1999).

xi Види: Cathy Caruth, ed. *Trauma: Explorations in Memory* (Baltimore, Md.: Johns Hopkins University Press, 1995), 4; Cathy Caruth, *Unclaimed Experience: Trauma, Narrative and History* (Baltimore, Md.: Johns Hopkins University Press, 1996), 3.

xii За интересната историја на дијагнозата за ПТСН, види: A. Young, *The Harmony of Illusions*. За заедничкиот пресек на феминизмот и на дискурсот на сексуалната злоупотреба, види: Louise Armstrong, *Rocking the Cradle of Sexual Politics: What Happened When Women Said Incest* (Reading, Mass.: Addison – Wesley, 1994).

xiii Judith Lewis Herman, *Trauma and Recovery* (New York: Basic Books, 1992), 28.

xiv Види: Judith Lewis Herman, *Father-Daughter Incest* (Cambridge: Harvard University Press, 1981).

xv Herman, *Trauma and Recovery*, 35-50.

xvi Фармацевтските компании се обидоа да покажат дека антидепресивите, како Золофт, можат да се користат како лек за ПТСН – што се докажа со големиот пораст во продажбата на веќе профитабилната индустрија.

xvii Herman, *Trauma and Recovery*, 32.

xviii Cathy N. Davidson, вовед во *No More Separate Spheres!*, посебно издание на *American Literature 70, no. 3* (September 1998): 443-63.

xix Види: Lauren Berlant & Michael Warner, *Sex in Public Critical Inquiry 24, no.2* (winter 1998): 547-66.

xx Laura S. Brown, *Not Outside the Range: One Feminist Perspective on Psychic Trauma, во Trauma: Explorations in Memory*, ed. Cathy Caruth (Baltimore, Md.: Johns Hopkins University Press, 1995), 100-12. Повеќе за родовата пристрасност при идентификацијата на траумата, види: Nina Felshin, *Women and Children First: Terrorism on the Home Front*, во *Violent Persuasions: The Politics and Imagery of Terrorism*, ed. David Brown and Robert Merrill (Seattle: Bay Press, 1993), 257-70. Овде се вклучени текстови од симпозиумот, каде што Маргарет Рандал спори за поврзаноста меѓу политичкиот тероризам и злоупотребата на децата





(206-18).

xxi Во четвртото издание на Прирачникот, клаузата според која траумата мора да биде „надвор од вообичаеното човечко искуство“ е заменета со пофлексибилната претстава за траумата како искусување на настан „што повлекува вистинска закана за смрт, сериозна повреда или друга закана за физичкиот интегритет“ (424), како и посведочување или дознавање на слични настани искусени од други лица. Доколку личноста реагира со „силен страв, беспомошност, или со ужас“ (424), реакцијата може да се дијагностицира како трауматична, за разлика од третото ревидирано издание, според кое настанот „би бил забележително вознемирувачки за секого“ (247). Види и: A. Young, *The Harmony of Illussion*, 287-90. Во Not Outside the Range Лора Браун ги разгледува актуелните проблеми на јазикот во четвртото издание на Прирачникот.

xxii За преглед на актуелната состојба на размислување на оваа тема, види ја збирката есеи *No More Separate Spheres! American Literature 70, no.3* (1998), 443-63, како и полезниот вовед од Дејвидсон. Види и: Lora Romero, *Home Fronts: Domesticity and Its Critics in the Antebellum United States* (Durham, N.C.: Duke University Press, 1997).

xxiii За овој аргумент види: Armstrong, *Rocking the Cradle of Sexual Politics*.

xxiv Види, на пример: Jennifer Freyd, *Betrayal Trauma: The Logic of Forgetting Childhood Abuse* (Cambridge: Harvard University Press, 1996). Повратеното сеќавање на Фрејд и последователниот конфликт со нејзините родители придонесе во основањето на *False Memory Syndrome Foundation*. За повеќе за организацијата види: www.fmsfonline.org. За гневната реакција на таткото на повратеното сеќавање, види: Mark Pendergrast, *Victims of Memory: Incest Accusations and Shattered Lives* (Hinesburg, Vt.: Upper Access Books, 1995). За културните истории, исто така, види: Elaine Showalter, *Hystories: Hysterical Epidemics and Modern Culture* (New York: Columbia University Press, 1997); Debbie Nathan and Michael Snedeker, *Satan's Silence: Ritual Abuse and the Making of a Modern American Witch Hunt* (New York: Basic Books, 1995).

xxv Види: Janice Haaken, *The Pillar of Salt: Gender, Memory and the Politics of Looking Back* (New Brunswick, N.J.: Rutgers University Press, 1998). Делото е значајно парадигматичкиот пристап кон огорченият конфликт меѓу повратеното сеќавање и погрешните мемориски кампови.

xxvi Види: Herman, *Trauma and Recovery*, 203. Благодарност до Робин Малц, затоа што ми го посочи овој пасус.

xxvii Allison, *Two or Three Things I Know for Sure*, 71.

xxviii Ibid. 71-71.

xxix Види: Amy Kaplan and Donald E. *Pease*, eds. Cultures of United States Imperialism (Durham, N.C.: Duke University Press, 1993); Cathy N. Davidson and Michael Moon, eds. *Subjects and Citizens: Nation, Race and Gender from Orronoko to Anita Hill* (Durham, N.C.: Duke University

Press, 1995).

xxx Види: Kali Tal, *Worlds of Hurt: Reading the Literature of Trauma* (Cambridge: Cambridge University Press, 1996); Sturken, *Tangled Memories*. Тал забележува поврзаност меѓу војната во Виетнам и сексуалната злоупотреба и го одобрува изместувањето на Холокаустот како привилегирано место за дискурсот на траумата. Стуркен ги користи војната во Виетнам и кризата со СИДА како два случаја за истражување на стратегиите на културната меморија.

xxxi Види во моето дело *Mixed Feelings*.

xxxii Иако ваквата тенденција може да се проследи во сите нивни дела, види: Michael Taussig, *The Nervous System* (New York: Routledge, 1992); Frederic Jameson, *The Political Unconscious: Narrative as a Socially Symbolic Act* (Ithaca, N.Y.: Cornell University Press, 1981) и *Postmodernism, or the Cultural Logic of Late Capitalism* (Durham, N.C.: Duke University Press, 1991).

xxxiii Gordon, “Ghostly Matters”, 24.

xxxiv Kathleen Stewart, “Beyond the Pale: The Eruption of Monstrosity in the American Country”, ракопис. Исто види “A Space on the Side of the Road: Cultural Poetics in an “Other” America” (Princeton, N.J.: Princeton University Press, 1996).

xxxv Stewart, “The Private Life of Public Culture”, ракопис. Ив Кософски Сеџвик го има сличниот став во воведот на “Novel Gazing: Queer Readings in Fiction” (Durham, N.C.: Duke University Press, 1997).



Уметноста на неуспехот: афективни странци

# СР_М_Т_,
# Н_СТР_Н_!







# ЕТИКАТА НА СЕКСУАЛНИОТ СРАМ

## Мајкл Ворнер[1]

Во одреден момент, со задоволство или без него, речиси сите губиме контрола над нашиот сексуален живот. Можеби како еден вид на надоместок, доаѓа момент кога повторно речиси никој не одолева на искушението да воспостави контрола над *нечиј друг* сексуален живот. Повеќето се склони да веруваат дека со контролата на сексот на другите, што воопшто не се согледува како неетично, се јавува моралноста. Зарем не би требало да биде возможно секому да му се дозволи сексуална автономија, која, на некој начин, ќе ѝ биде доследна на сексуалната автономија на другите? Иако ваквиот етички принцип звучи едноставно, тој сè уште не е ни приближно воспоставен во практиката. Културата ни нуди илјада начини за управување со сексот на другите – притоа, не само на штетниот и на принудниот секс, како на пример на силувањето, туку и на најинтимните димензии на задоволството, идентитетот и на практиката. Ова се извршува директно, со забрани и со правила, и индиректно, со прифаќањето на одреден идентитет или на одреден склоп на вкусови, небаре се тие универзално заемни, или би требало да бидат такви. Не само што го правиме тоа туку и си честитаме за тоа. За да постапуваме поинаку, потребно е преосмислување на она што сме го прифатиле како здрав разум и како моралност.

Веројатно, би било поедноставно да признаеме дека сексот посрамотува. Го опишуваме со фини изрази: дека претставува израз на љубов или благороден дар од Бога или, пак, ослободувачко задоволство. Но, можноста за појава на абјектен срам ни-

**1 Заб. на уредникот: Преведено со дозвола од англиското издание на *The Trouble With the Normal* од Michael Warner. Copyright ©1999 на Michael Warner. Препечатено со дозвола на Free Press, импринт на Simon & Schuster, Inc.. Сите права ги задржува издавачот.**

когаш не можеме целосно да ја отфрлиме. Доколку камерата не се изгаси во вистинскиот момент, или вратата неочекувано се отвори ширум, или sидовите се премногу тенки, тогаш префинетата маска на побожност и на гордост ќе падне, испреплеткана со облеката на подот. Во 4. век пр. н.е., атинскиот филозоф Диоген сметал дека срамот е лицемерство и негирање на нашата дречна природа, па открил едноставен начин како да го драматизира проблемот: мастурбирал среде пазарот. Оттогаш се изминати векови и се сменети неколку цивилизации, но примерот на Диоген сè уште нема широка прифатеност.

Етичкиот одговор на проблемот со срамот не би требало да налага глума дека срамот не постои. Всушност, токму тоа била намерата на Диоген. Повеќето поборници за сексуална слобода сè уште испробуваат одредена верзија на ваквиот одговор. Според нив, сексуалноста треба да се вреднува како пријатно и позитивно искуство и како еден вид на духовност. Сепак, за останатите, сексот претставува радикален превrат на репресивната моќ. Каква и вистина да се крие во таквите идеи или во идеите за предноста на сексот слични на првиве, мојата претпоставка е дека повеќето насетуваат одредена празнина во ваквите ублажувачки погледи на сексуалноста, како бенигна и како пријатна. Како што напиша Лео Берсани во еден класичен есеј од 1987 г., „Постои една голема тајна за сексот. На многумина не им се допаѓа“. Можеби затоа што сексот претставува повод да се изгуби контролата, да се соедини сопствената свест со пониските видови на животинска желба и на сетилност, а потребата директно да се соочиме со моќта и со побарувачката, ги исполнува луѓето со одбивност и со срам. Според Берсани, противниците на моралистите постапуваат на сличен начин, со изговорот дека сексот е љубов и интимност или дека сексот треба единствено тоа да го претставува. Како и да е, ваквите описи на афирмативен секс воопшто не звучат секси. Каква и да е вистината, барем за одредени луѓе, бесцелно е да се одрекува секојдневната моќ на сексуалниот срам.





Проблематичното прашање не е како да се ослободиме од сексуалниот срам. Одговорот во тој случај неизбежно би бил: „Ослободи се од сексот!“ Прашањето, сепак, е: „Што да правиме со нашиот срам?“ Одговорот, вообичаено, би бил: „Прикачи му го на некој друг!“ Сексуалниот срам не претставува обичен животен факт – тој е и политички факт. Иако можеме лесно да го засрамиме речиси секого во врска со сексот, одредени луѓе се изложени на поголем ризик од други. Ризикуваат да бидат претепани, убиени, затворени или само понижени. Ризикуваат да бидат стигматизирани како девијантни или како криминалци. Па, дури и обвинети пред суд. Најчесто се замолчани или исфрустрирани, бидејќи, поради срамот, одредени задоволства премолчано се недопустливи, незамисливи. Кај нив може да натежне таинственоста или вонредната потреба за обелоденување или, пак, основната потреба да се оттргнат од очигледното, односно фактот дека постоењето на алтернатива претставува само бледо исчекување на неоформената желба. Во секој случај, тешко е да се направи разлика меѓу нивниот срам и политиката на тој срам, меѓу личниот неуспех и моќта на туѓите норми.

***

## ХИЕРАРХИИ НА СРАМОТ

Што може да се научи за политиката на сексуалниот срам? Која е поточно поврзаноста меѓу разновидната засраменост од сексот, спектакуларната криза на сексуалниот мекартизам и стигматизираните идентитети на *геј-движењето*? Прашањето налага многу попромислено разгледување од она што е сокриено под етикетата „сексуален мекартизам“. Сепак, поврзаноста, без разлика на комплексноста, е реална. Неуспехот да се препознае политиката на сексуалниот срам, верувам, води кон грешки во секој контекст: ги збунува лицата, заплашувајќи ги од сопственото сексуално достоинство, а притоа *геј-движењето* го сведува на десексуализирана идентитетска политика.

Во понатамошните поглавја ќе видиме како политиката на сра-

мот изобличува сè – од законот за брак до политиките за јавно здравје, цензурата, па дури и до урбаното планирање. Понатаму ќе спорам дека официјалното *геј-движење* – притоа мислам на главните национални организации, националните медиуми, највидливите претставници – ја изгубија од вид таквата политика и се опседнаа со угледноста. Наместо кампањата за сексуалната стигма да се прошири надвор од сексуалната ориентација, во што верувам јас, таа ги насочи прашањата токму кон доменот на сексуалната ориентација, кој е најмалку поврзан со сексот. Со тоа што ги отфрли најдобрите истории на проникливост и на активизам, се претвори во инструмент за „нормализирање“ на *геј*-мажите и на лезбијките.

Грешката, во секој од наведените случаи, е фундаменталниот неуспех да се разбере политиката на сексуалниот срам. Во влијателниот есеј од 1984 г., со наслов „Промислување на сексот“, Гејл Рубин нагласува дека севкупниот дијапазон на конфликти поврзани со сексот – какви што избиваат на површина во секојдневниот контекст, од озборување во канцелариите и караниците во училишните одбори, до највисокото ниво на националните и на меѓународните начела – посочува на заедничка динамика. Сексот има сопствена политика. Понекогаш, единствената цел на хиерархиите на сексот е да ја попречат сексуалната разновидност. Создаваат злосторства без жртви, замислени закани, морална суровост. Рубин забележува: „Криминализацијата на безопасното однесување, какви што се хомосексуалноста, проституцијата, бесрамноста или употребата на рекреативните дроги, се објаснува преку нивното претставување како штетни за здравјето и за безбедноста, за жените и за децата, за националната безбедност, за семејството или за самата цивилизација“. Ваквата рационализација ја прикрива намерата да се оневозможи сексуалната разновидност.

Со анализата на опсежен избор на сексуални стигми и регулации, Рубин утврди дека добриот и лошиот секс се издвојуваат преку серија на хиерархии:





| Добар, нормален, природен | Лош, ненормален, неприроден |
|---|---|
| хетеросексуален | хомосексуален |
| во брак | на немажена / нанеоженет |
| моногамен | промискуитетен |
| прокреациски | непрокреациски |
| некомерцијален | комерцијален |
| во двојка | самостоен или во групи |
| во врска | случаен |
| генерациски | негенерациски |
| во приватен простор | во јавен простор |
| без употреба на порнографија | со употреба на порнографија |
| само со телото | со предмети |
| „ванила“ | садомазохистички |

Разграничувањето меѓу добриот и лошиот секс не претставува задолжително еден пакет, односно, повеќето луѓе ги комбинираат видовите секс од двете колони. Основната заедничка карактеристика на двете разграничувања е фактот дека секое претставува хиерархија, а за оној што е од погрешната страна на хиерархијата следува стигматизација, која може да предизвика вистинска штета.

Бил Клинтон ја избра погрешната страна од двете колони: имаше вонбрачен секс, на промискуитетен начин и на јавно место (во Овалната канцеларија!). Всушност, Клинтон и Левински имаа среќа. Доколку „оралниот секс се случеше од другата страна на реката Потомак, во Вирџинија, ќе беше прекршок, а тоа, до 1992 г., беше нелегално дури и во Федералниот округ Колумбија. Но, скандалот не беше толку поврзан со техничката страна на Законот, колку со табуто зад Законот. Иако, несомнено, постоеја безброј други основи Клинтон да се прогласи за неетичен – изневерувањето на интимната доверба, самозадоволувачкото уживање во моќта – без сомневање, скандалот беше така регистриран поради општите категории на девијантноста. Кога Републиканците бучно посочија на моралниот скандал, не беа загрижени за Хилари. Не покажаа чувствителност кон личниот етички однос на Клинтон со Моника. Беа поттикнати од апстрактното чувство на

нарушена пристојност, на злостор не против одредена личност, туку против имагинарните сексуални правила. Затоа, барем во теорија, Клинтон има нешто заедничко со лицата во сите другите категории на „погрешната“ страна на списокот (се сомневам дека самиот сѐ уште дошол до овој заклучок).

Рубин би рекла дека неговата трансгресија задолжително не значи дека поминал полошо на скалата на сексуалното достоинство од, на пример, некој чија единствена девијација е трансвестизмот. Тоа е затоа што дистинкциите се рангираат во променлив континуум на, повеќе или помалку, сериозна девијација, со постојана битка за тоа „каде да се повлече границата“. Како што истакнува Рубин, одредени видови на девијација, со текот на времето, се здобија со углед. Другите остануваат зад границата на прифатливоста за сите, освен за најрадикалните или за најлибералните. Така, тие што застраниле во погрешната категорија во одреден поглед презирно го одрекуваат тврдењето дека се дел од сојуз со перверзните, рангирани подолу од нив на скалата на гнасење. Оние што застрануваат во десната колона не споделуваат заедничка кауза. Во спротивно, левата колона немаше да опстане. Оние што ја населуваат левата колона, веројатно, се незабележливо малцинство. Сепак, нивниот систем на вредности доминира.

Една од причините зошто луѓето не се обединети против срамот се суштинските разлики меѓу нив. Притоа, треба да се разграничи стигмата на која се подложени *геј*-лицата од срамот што го прогонува Клинтон. Рубин ги прикажува како континуум, но тие се разликуваат според видот, а не според степенот, и разликата меѓу нив ќе се покаже како суштинска за сите примери проучувани во книгава.

Стигмата, слично на етимолошки сродниот збор *стигма́та*, се однесува на белег на телото, на жиг или на тетоважа или, пак, на откинато уво, со кој засекогаш се идентификува личноста со својот срам. Меѓу старите Грци таа претставувала казна за дела како што биле предавството или бегството од господарот. Не го обележува делото, туку ја обележува личноста како оцрнета. Токму ова е издвоено од модерната метафора на стигмата. Ирвинг Гофман во своето класично истражување ја одредува како





еден вид на „расипан идентитет“. За споредба, обичниот срам се прифаќа. Човек ќе направи перверзна постапка и ќе предизвика подбив или гадење, за потоа да се отрезни и да најде изговор, да се пресели во друг град и одново да започне да живее, со што ќе го наджива сеќавањето или ќе се искупи со добри дела за возврат. Ваквиот срам влијае врз биографскиот идентитет на една личност. Срамот на вистинскиот перверзник – стигмата – потешко се брише. Се работи за социјален идентитет, неизбежен како и судбината. Како и сличните стигми на расен идентитет или на хендикепираност, тој воопшто не е поврзан со делата на личноста. Се врзува, не со дејствувањето, туку со битисувањето; не со однесувањето, туку со статусот.

Дел од дилемите на *геј*-движењето стануваат појасни доколку се присетиме дека тоа се бори и со срамот и со стигмата, и дека овие две нешта во практиката често се мешаат. Порано сексуалната девијантност беше повеќе поврзана со срамот, отколку со стигмата. Содомијата беше грев како и развратот, а не знак на одреден идентитет. Секому можеше да му се случи. Во современиот свет тој срам се продлабочи во стигма. Тој засега одредени лица, без разлика на нивните постапки. Кога моралистите се сосредоточија не само на делата но и на типот на личноста, обичниот секс се претвори во сексуалност. Чинот на содомија стана еден од многуте знаци на хомосексуалниот идентитет. Стигматизирањето на хомосексуалците стана возможно како сосема разграничено од каков било сексуален чин. Во одредени случаи, срамот поврзан со сексуалниот чин и со стигмата против хомосексуалниот идентитет сосема се разликуваат. Сепак, кај обете постои тенденција да се поистоветат.

На почетокот разликата беше изум на медицинските стручњаци, што единствено им наштети на *геј*-лицата. Со овој чин хомосексуалците беа претставени патолошки во самото свое битие, без разлика дали извршиле или не извршиле неморален чин, туку единствено поради природата на нивните желби. Ваквото псевдомедицинско мислење создаде социјален идентитет од перверзијата. Презирот и дискриминацијата ги прикачи за луѓето, единствено поради постоењето на чисто теориска врска со сексот што тие го имале или го немале. Подоцна, ваквата разлика доби суштинско значење за *геј*-отпорот. Концептот за перверзноста, раздво-

ен од перверзните чинови, доведе до концептот за сексуалниот идентитет (или за сродниот феномен, сексуалната ориентација). Обата прават разлика меѓу идентитетот и сексот, меѓу личноста и чинот, статусот и однесувањето. Сосема случајно, лекарите им овозможија на поранешните пациенти да тврдат дека да бидеш *геј* не е нужно поврзано со сексот. Хомосексуалците добија можност да тврдат дека каков било заклучок за нивната вредност како личности, без разлика на нивните дела, претставува нерационална предрасуда. Со тоа ја оспорија стигмата врз идентитетот, без притоа да го оспорат срамот на сексуалните чинови. До денешен ден, во поголемиот дел од *геј*-политиката владее слична логика. Затоа, адвокатите што ги оспоруваат военото *антигеј*-начело или дискриминацијата во рамките на извидничките друштва, вообичаено, макотрпно бараат случаи што ќе им послужат како примери каде што жртвата претставува модел на жртва, затоа што тој или таа никогаш не направиле лошо дело – односно, немале секс.

Кога, по изборот, во 1992 г., Клинтон посегна да го реформира военото *антигеј*-начело, тој истакна дека на војската треба да ѝ биде дозволено да ги казнува лицата за нивните дела, но не и поради нивниот идентитет. Треба да се насочиме кон „постапките, а не кон статусот“. Тој се повика на основната премиса на лезбиската и на *геј*-политиката, како политика на идентитетот: Сексуалната ориентација е суштинска за карактерот на една личност и претставува повеќе од обично сексуално однесување. Со вакво-то тврдење, тој се повика на истата разлика меѓу дејствувањето и битисувањето од пред еден век, кога, за првпат, одредени лица беа сметани за хомосексуалци, без разлика на нивните сексуални чинови.

Сепак, се покажа дека разликата тешко се утврдува. Како прво, Врховниот суд придонесе оваа разлика да избледнее во случајот „Бауерс против Хардвик“. Иако статутот за содомија во Џорџија, кој беше предмет на овој случај е применлив за оралниот и за аналниот секс кај хетеросексуалните партнери, исто како и кај хомосексуалните партнери, Судот реши прашањето да го разгледува како да е поврзано само со „хомосексуалната содомија“ и со правата на хомосексуалците. Чинот – вид на секс што подеднакво може да го изведуваат *геј*-лица, хетеросексуалци, би-





сексуалци или други лица – се претвори во идентитет. По вртоглава серија на логички постапки, Судот одлучи дека Џорџија има право да ја забрани сексуалната практика поради поврзаноста со презрен идентитет, иако законот ја забранува ваквата пракса за секого. Истовремено, Судот се изјасни дека идентитетот може (како и во одлуките на пониските судови) да претставува соодветен предмет на дискриминација, затоа што сексот што „ја дефинира класата“, претставувал криминален чин. Сфативме: во сексот нема заштита на приватноста, затоа што „педерите“ се неморални; „педерите“ се неморални, затоа што извршуваат, или сакаат да извршат, криминални сексуални чинови. Како што покажа Џенет Хали, адвокатите на Одделот за одбрана ја воведоа истата повратна двосмисленост пред ревизиите на воените начела, а Клинтон очигледно никогаш не забележа дека моралната разлика што тој ја постави во овој случај е бескорисна. Резултатот беше озлогласеното начело „Не прашувај, не кажувај“, со кое се казнуваат и чинот и идентитетот, и статусот и постапките. Врз основа на ова начело, бројките на отпуст од војска се вивнаа до небо.

Како што Врховниот суд наполно ги побрка статусот и постапките за законски цели така и лезбијките и *геј*-лицата во практиката воочија дека стигмата врз идентитетот и срамот од сексуалната активност тешко се разликуваат. Ова не беше само последица од пропустот при расудувањето на Судот. Со оглед на доминантните ставови за сексуалниот идентитет, доколку јавно се искажете како *геј*-лице или како лезбијка, тоа подразбира дека имате иста сексуалност како и останатите, вклучувајќи ги и компулсивните лица што се влечкаат по парковите и по мрачните улички, од оргазам до оргазам. *Стигмата на настраноста* (*queer stigma*) нè покрива сите, барем во одреден контекст. Следствено, луѓето се обидуваат да го заштитат идентитетот со одрекување од самиот секс.

Ваквата забуна е резултат од основниот парадокс во претставата за сексуалниот идентитет. Идентитетот, како и стигмата, нè катранисува со истата четка, но, исто така, ни дозволува да се оддалечиме од какви било суштински манифестации на настраноста. Всушност, ги споделуваме единствено идентитетот и стигмата, затоа што идентитетот се разликува од сексуалните чино-

ви и од срамот од нив. Гордоста или стигмата ни припаѓаат нам, како на класа, како на препознатлив вид на личност, без разлика на нашите дела како индивидуи. Така, секогаш постојат *геј*-луѓе што се шокирани, *шокирани* од сознанието дека другите имаат девијантен секс. Ќе ви стават до знаење дека нивното достоинство се засновува на тоа што тие се *геј*, што, според нив, не е поврзано со сексот. Доколку другите имаат секс, или го имаат во преголема мера или, пак, го имаат на девијантен начин, па тие луѓе имаат голема причина да бидат засрамени. Секако, единствено драматургот Лери Крејмер и неколкумина други раздрдорени моралисти се изјаснија, и тоа на толку екстремен начин, што, да признаеме, личеше на фарса. Разликата меѓу стигмата и срамот, идентитетот и чинот, е несомнена во одредени контексти. Но, политиката на едното без другото е осудена на неразбирливост и на слабост. Повлекува да се предизвика стигмата врз идентитетот, но единствено преку зацврстување на срамот од сексот. И, за жал, ова е изборот не само на одредени индивидуи туку и на официјалното *геј*-движење. Тоа, од повеќе аспекти избра да ја артикулира политиката на идентитетот, наместо да се претвори во пошироко движење насочено кон политиката на сексуалниот срам.

Клучната дилема е етичка, но и политичка. Ирвинг Гофман, во еден брилијантен параграф, убаво ја долови суштината за она што тој го нарекува „амбивалентност“:

*Без оглед дали е или не е потесно здружено со сопствениот вид, стигматизираното лице покажува идентитетска амбивалентност кога одблизу ќе го воочи стереотипното однесување на неговиот вид и начинот на кој припадниците на тој вид, екстравагантно или кутро, ги покажуваат негативните атрибути што им се припишани. Глетката можеби и го одбива, бидејќи тој, сепак, ги поддржува нормите на поширокото општество, но неговата социјална и психолошка идентификација со овие прекршители го врзува за она што му е одбивно, при што одбивноста се претвора во срам, а засрамеността во нешто од што се срами. Накратко, тој ниту може да ја прифати сопствената група ниту, пак, може да ја напушти.*





Згора на обичниот сексуален срам и на засрамеността поради хомосексуалноста, достоинствениот хомосексуалец, исто така, се срами од секое *настрано* лице што парадира со сексот и со „педерството“, и, на тој начин, придонесува стигмата на достоинствениот хомосексуалец да биде поопправдана во очите на хетеросексуалците. Се срами и поради сопствениот срам, поради својата судбина, која тој е немоќен да ја исправи. Што да прави кутриот хомосексуалец?

Прикачи им го срамот на дегенериците што заслужуваат: на зависниците од секс, бодибилдерите во Челси или во Западен Холивуд, *геј*-лицата што се движат од забава на забава, „*дрег*-кралиците“, „*дилдо*-лезбачите“, лицата заразени со СИДА, секому што ја привлекува стигмата од која не може да се оттргне. Иронијата е што во нашата култура, таквата реакција ѝ е еквивалентна на сексуалната етика. Лери Кремер и другите *геј*-моралисти вложија големи напори во таквиот став, специјализирајќи со „внатрешно прочистување на групата“, така што „напорите од страна на стигматизираните лица не само што го „нормираат“ сопственото однесување туку и го прочистуваат однесувањето на другите во групата“.

Дилемата поврзана со „идентитетската амбивалентност“ претставува недвосмислена сила во лезбиското движење и во *геј*-движењето уште од самиот почеток. За индивидуалните лица таа е апсолутен етички предизвик. Ова важи за лицата со каков било стигматизиран идентитет, како што се Евреите или Афроамериканците. Но, дилемата е попредизвикувачка и покомплицирана за лезбијките и за *геј*-лицата или за која било друга стигматизирана сексуалност. Разликата меѓу стигмата и срамот, навидум, се јавува како лесен начин да се разреши амбивалентноста произлезена од припадноста на одредена стигматизирана група преку прифаќање на идентитетот, но со одрекување од самиот чин. Кремер вели: „Единствениот одговор, единствениот начин за *геј-лицата* да преземат политичка одговорност и за да се здобијат со заслужената демократија е да се борат за нашите права како *геј-лица*. Тие треба да се проучуваат и за нив да се предава и да се пишува не како за „курови“ и за „пички“, туку како за *геј-лица*“. Дистинкцијата што ја прави Кремер не е во целост по-

грешна. Постои вистинска и консеквентна разлика. Но, да се биде лезбијка или *геј*-лице, тоа неопходно не повлекува стигма и срам. Кремер сака да се бори со едното, но не и со другото. Не може ни да го прикрие презирот кога изговора „курови“ и „пички“. Тој бара да бидеме позасрамени за сексот, а „куровите“ и „пичките“ да ги гледаме како заслужни за поголем презир од оној што веќе го чувствуваме за нив. Кремер бара тој презир да го насочиме кон лицата што повидливо се идентификуваат со „куровите“ и со „пичките“, отколку што тој сака самиот да биде идентификуван. Ова не е начин да се избегне амбивалентноста на срамот. Достоинството под таквите услови е осудено на неавтентичност. (Можеби затоа ваквите моралисти се вечно гневни.)

## ЕТИКАТА НА НАСТРАНИОТ ЖИВОТ

Дефанзивноста во однос на сексот и на сексуалните отстапувања најчесто се јавува во јавните или во официјалните контексти. Во повеќето други кругови, помислата на *геј*-маж или на лезбијка, претставени како премногу зрели, односно како премногу угледни, само поради сексот, се смета за бесмислена. Покрај разнообразноста во културата на настраните – и покрај нејзините ограничувања – доколку се проследи нејзиниот развој во минатиот век, особено во најнеорганизираните и во „најнеугледните“ кругови, може да се најде етичка визија, во која сексот и понижувањето поврзано со сексот се поприфатливи. Сепак, никаде луѓето не се посвесни за апсурдноста и за непопустливоста на срамот како во културата на настраните. Токму затоа, богоугодната претстава на официјалните *геј*-организации за угледна и за достоинствена заедница не е во согласност со светот што ваквите организации тврдат дека го претставуваат.

Во честите озборувања меѓу пријателите, во продаваните, разменуваните и проучуваните списанија и видеоклипови, во баровите каде што паѓаат одбранбените ѕидови и резервираноста, во личните огласи во кои се објавуваат вкусови претходно непознати за човекот, во сцените каде што некоја откачена „дрег-кралица“ секогаш го открива најсрамното за секого и го кажува тоа на сиот

глас, во собирите на *Радикалните самовили* (заб. на прев. „Radical Faeries“ – светска мрежа и контракултурно движење за предефинирање на свеста на настраните преку спиритуалноста) и во садомазо работилниците – во ваквите и во слични сцени на културата на настраните, животот, навидум, е ослободен од секаков обид да се постигне угледност и достоинство. Сите се „пасивни“, сите се „курви“, и секој што го одрекува тоа ќе се соочи со правдата од рацете на некоја огорчена, сомнителна кралица. Доколку е воопшто возможно да се биде поизложен и попрезрен, со сигурност, ќе дојде и тоа време и, веројатно, ќе се случи на сцена и со стил. Суптилните градации на дрскост проткаени низ оваа култура ја мерат подготвеноста на луѓето да си го замислат животот без жртвите, вообичаено наметнати со угледот преку „стандардите на заедницата“. Во другиот дел од градот, каде што се одржуваат формални свеченост за добротворни цели, *таму* се споменува достоинството, доколку тоа ве привлекува.

Не е ни чудно што оваа сексуална култура, често подземна и засекогаш туѓа за повеќето *геј*-мажи и лезбијки, ретко се смета за место каде што ќе се најде етички одговор за достоинството, сексот и за срамот – од филозофите, воопшто, па дури и од лидерите на *геј*-движењето. Се чини дека таа претставува анархична бедна зона што се одликува со отсутност на етика, наместо со некаква традиција на проникливост. Во секој случај, би било полесно така да се согледаат работите. Јас мислам дека ова е грешка. Не сум ни првиот со таков став. Жан Пол Сартр, на пример, из-

дигна сложено здание за моралната мисла врз основа на *квир*-делото на Жан Жене во „Свети Жене“ – дело што им го препорачувам на моралистите, за повторно да го прочитаат. Но, Сартр се насочи кон илустрирање на проблемите со слободата и со автономијата и ги изостави јавните прашања за сексуалната култура.

Во овие кругови, каде што се посветува големо внимание на култивирањето на *настраноста*, основното правило е: „Не смееш да мислиш дека си *отаде* недостоинственоста на сексот!“ Иако вообичаено ова не се објавува како етичка визија, всушност токму тоа го претставува, на некаков перверзен начин. Во *круговите на настраните*, најверојатно, ќе те задеваат и ќе те вознемируваат, сè додека не го разбереш тоа. Се подразбира дека сексот е разновиден, исто колку што се разновидни и луѓето што го имаат. Не е неопходно да бидеш уреден, нормален, еднообразен или овластен од владата. Ваквиот вид на култура често се опишува како релативистичка, хедонистичка или, едноставно, развратна. Всушност, таа си има сопствени норми и сопствен начин на воспоставување на редот меѓу нејзините носители. Ваквиот начин на живот за мене е етички, не затоа што подразбира подобар однос со себе, туку и затоа што претставува премиса за специфичниот вид на социјалност, кој ја поврзува културата на настраните. Односот со другите, во ваквите контексти, лицето го започнува со согледувањето на сè што е бедно и недостојно во себеси. Срамот е темелот. *Настраните* понекогаш може да се погани и непријатни еден со друг, да се навредуваат, но, со оглед на тоа што абјектноста е заедничка за сите, тие и со ваквото другарување искажуваат трогателна и неочекувана форма на широкоградост. Никој не е исклучен од неа, не затоа што самиот се гордее со широкоградост, туку бидејќи тој не се гордее со ништо. Правилото е: „Помири се со себеси! Стави перика пред да судиш! Ќе заклучиш дека најмногу се учи од луѓето што ги сметаш за недостојни.“ Во најдобар случај, ваквата етика оди против секаков можен вид на хиерархија. *Квир*-сцената претставува *салон на отфрлените* (*salons des refuses*) каде што заедничкото искуство да се биде презрен и отфрлен од светот на норми, кои сега ги согледуваме како лажен морал, придонесува да се зближи најхетерогената група на луѓе.





Парадоксално е тоа што, токму од овие причини, етиката на *настраниот живот* ѝ е, всушност, поверна на суштината на модерната претстава за достоинството отколку на вообичаеното значење на зборот. Постојат барем две радикално различни значења на достоинството во нашата култура. Едното е со античко потекло, тесно поврзано со честа и, во основа, претставува етика на рангирање. Историски гледано, претставува благородна вредност. Изискува сапун. (Не би наштетиле ни недвижниците.) Другото е модерно и демократско. Достоинството во второто значење не претставува помпа и еминентност, тоа му е својствено на човечкиот вид. На некој начин, не може да не го имаш. Во најлош случај, другите едноставно не го препознаваат твоето достоинство. Двете претстави за достоинството имаат спротивни импликации за сексот. Во најчестите предрасуди за сексот, на одредени видови на секс им се назначува достоинство (брачен, хетеросексуален, приватен, љубовен), значи на сè што е подалеку од вид, додека, сите други видови на секс се исто толку достоинствени како и вршењето на голема нужда во јавност, ако не и понедостоинствени. Достоинство што може да се нарече буржоаска умешност. Сепак, во културата на настраните, каква што јас ја разбирам, не постои камион полн со буржоаска умешност. Доколку сексот претставува некаков вид на недостоинство, тогаш сме сите дел од него. А парадоксалниот резултат е тоа што единствено кога недостоинството на сексот се шири низ собата и не изостава никого, всушност, тоа ги поврзува луѓето и почнува да наликува на човечко достоинство. За да бидеме доследни, ќе мора да зборуваме за достоинството во срамот. Тоа, според мене, е премисата на културата на настраните, и причината зошто луѓето во неа се посогласни да се нарекуваат себеси *настрани* – збор кој, според Ив Сеџвик, со хералдички симболи ја кити поврзаноста со срамот, и тоа на начин кој сè уште ги вознемирува моралистите. Но, сега зборувам за „ороспиите“, и за „дрег-кралиците“, и за трансвеститите, и за „троловите“, и за жените што прошле сè во животот – не за медиумските портпароли и за угледните лидери на *геј*-заедницата.

Лезбиското движење и *геј*-движењето, во најдобар случај, отсекогаш биле вкоренети во *етиката на настраноста* на достоин-

ството на срамот. За тоа се залагаше Стоунвол. Политичкото движење засновано на ваквото достоинство, сепак, треба да ги надмине прашањата за сексот и за сексуалниот идентитет. Меѓутоа стигмата наречена *хомофобија* ги напаѓа луѓето од различни причини, а во поголемиот дел, не мора ни да се подразбира дека некој е *геј* или хомосексуалец. Луѓето чиј родов идентитет се разликува од нормата се презрени, а тое е често проследено со насилство, без разлика дали тие посакуваат или не посакуваат лица од истиот пол. Феминизираните момчиња и „буч-девојките“ се физички напаѓани или исмејувани, а хетеросексуалноста не може да ги спаси. Во тој контекст, хомосексуалците чиј род се совпаѓа со нормата се често тивко прифатени. Но, и лицата чиј родов идентитет и предмет на избор се прифатени како нормални, сепак, понекогаш се презрени како *настрани*, поради нивната сексуална практика. Проститутките, како и луѓето од фетиш-културата за кожени предмети се највидливиот пример. Дури и прилично конвенционалните хетеросексуални брачни двојки често уживаат во анална игра, сексуални играчки, секс на јавни места, во садомазохизам итн. Ваквите практики и нив ги изложуваат на срам, морализам, а, во одредени случаи, дури и на судско гонење (сексуалните играчки и понатаму се нелегални во Тексас и во Алабама; аналниот и оралниот секс се нелегални во повеќе држави). Впрочем, одредени лица со обичен родов идентитет, со вообичаен избор на сексуален објект и на сексуална практика, сепак, страсно се идентификуваат и се поврзуваат со *настраните*. Тие субјективно не ја чувствуваат нормалноста што им ја припишуваат другите.

Стигмата е хаотична и често несврзана. Прифатената мудрост во *стрејт*-културата е дека сите различни норми се совпаѓаат, дека една е синонимна со другите. Доколку се родиш со машки генитални органи, логички, ќе се однесуваш на машки начин, ќе посакуваш единствено жени, и тоа женствени жени, ќе имаш секс на начин што, нормално, се смета за активен и за пенетрирачки, и во рамките на официјално санкционираните контексти, себеси ќе се сметаш за хетеросексуалец, ќе се идентификуваш со другите хетеросексуалци, ќе веруваш во супериорноста на хетеросексуалноста, колку и да посакуваш да си толерантен, и никогаш нема да измениш ниту еден дел од овој пакет, од раѓањето до смртта. Ваквиот пакет често се именува како „хетеросексуалност“, иако приврзаноста кон другиот пол е само еден од елементите. Доколку во кој било момент застраниш од програмата, го правиш тоа на свој ризик. *Стрејт*-културата не може да прифати елементи што покажуваат дека одделните делови од пакетот дополнително се комбинираат на безброј друг начини. Но, искуството покажа дека токму тоа се случува. Доколку хетеросексуалноста ја подразбира целата низа, таа станува многу кршлива. Одовде, не е за чудење неопходноста од толку многу терор за да се предизвика согласност со неа.

Невозможно е да се предвиди колку лица би биле засегнати со политичко движење против ефектите на сексуалната стигма и на срамот. Културата на *настраните* нуди можности. „Дилдата“ што се прикачуваат, на пример, повеќе не се предмети што ги употребуваат само лезбијките. Сè почесто двојки на лица од различен пол ги употребуваат за менување на улогите. Видеокасетата наречена „Натрти се, дечко“, во продукција на активистката Карол Квин, стана најбрзо продаваната касета на сите времиња во водечката продавница за сексуални играчки во Сан Франциско, *Добри вибрации*. Никогаш нема да биде по сечиј вкус, но би можела да биде по нечиј.

Употребата на поимот „*настрано*“ во книгава, како и во поголемиот дел од *квир*-теоријата, смислено не е ограничена, со цел да се посочи на бројните начини на кои луѓето се наоѓаат во конфликт со *стрејт*-културата. „Хомофобија“ е погрешен поим, на кој тие подеднакво му се противат, бидејќи сугерира дека стигмата и опресијата насочени против цел спектар на луѓе може едноставно да се објасни како фобична реакција на истополовата љубов. Вусшност, сексуалните стигми се далеку попревртливи. *Геј*-мажите и лезбијките се главната цел на стигмите, но политичкото движење што го дефинира своето членство како составено единствено од „*геј*-мажи и од лезбијки“ останува слепо за суптилноста на угнетувачката култура и за пространството на можните отпори. Движењето веќе беше присилено да ги додаде бисексуалците и, напати, трансродовите лица кон самоописот. Ваквите гестови

често, со право, особено од страна на бисексуалците и на трансродовите лица, се толкуваат како дополнителна фуснота и како нецелосен гест на политичката коректност.

Дури и од длабоко промислен аспект, новиот проширен список на „лезбијки-*геј*-бисексуалци-трансродови“ не нуди објаснување за што поточно станува збор во *квир политиката*. Со ваквата политика, како „*геј* и лезбијка“ се именуваат идентитети што можеби и воопшто не се поврзани со сексот. Сепак, вистина е дека, и кога сексот не се фокусира на наведените типови на идентитет, тој е стигматизиран или, пак, е цел на фобични реакции. Всушност, сексот и идентитетот едноставно се побркуваат. Така, дури и еден претпоставен сеопфатен каталог на идентитети може да ги изостави начините на кои луѓето (често неселективно) страдаат од родовите норми, од нормите насочени кон предметот на избор, нормите на сексуална практика и од нормите на субјективна идентификација. Ова звучи апстрактно, но во практиката често инстинктивно се подразбира во повеќе контексти, од сцените на улиците до „дрег-изведбите“ во клубовите, па сè до организациите што нудат услуги и до СИДА-групите. Токму таму се опредметува чувството на сопостоење со лица со кои, можеби и воопшто, не ги споделуваме истите сексуални вкусови – лица што ја преживеале казната наметната поради дисиденцијата со нормите на *стрејт*-културата, од исто толку разнообразни причини, колку што се разнообразни и самите луѓе.

Организираното *геј*-движење, како што ќе видиме во следните поглавја, ја изгуби таа визија од неколку аспекти. Целта на едно движење е да го предизвика моментот кога презирот кон *настраниот секс* или кон родовото отстапување повеќе нема да го изопачува животот на луѓето. Во меѓувреме, ние (или дел од нас што дејствува во име на хомосексуалците) се обидуваме да си го исчистиме образот како легитимни учесници во политиката и во медиумите. Како движење посегнавме кон привремен изговор: „*Геј* сме“, велиме, „но тоа нема ништо заедничко со сексот“. Но, премногу често ова прибежиште го побркуваме со посакуваната утопија: „Нема повеќе секс! Конечно сме слободни!“

Ваквите контрадикции нè прогонуваат, и како индивидуи и како движење. Движењето прифати да се претвори во политика





на сексуалниот идентитет, а не на сексот од повеќе аспекти. Но, тоа никогаш целосно не може да избега од потпората врз сексуалната јавност ниту од гнасењето, што и понатаму се поврзува со каков било експлицитен или јавно препознаен секс. Скандалот ни виси над главата дури и кога сме најпристојни – особено тогаш. Но, во целото движење се чувствува напнатоста (на начин уникатен за квир политиката) и се настојува луѓето да се сортираат врз основа на понизок или повисок степен на привилегираност. Се јавува хиерархија. Некои плаќаат повисока цена за презирањето на *настраната сексуалност* (или родовото отстапување) од други. Во вистинските општествени слоеви, доколку внимаваш на однесувањето, можеш да имаш пристоен живот на хомосексуалец – барем до одреден степен. Оние со најголемите смоквини лисја се секогаш на врвот на хиерархијата. Единствената цена што ја плаќаат е цената на противречност. Мора да тврдат дека, иако нивната сексуалност е она што ги дефинира, тие ја имаат надминато.

Американското *геј*-движење ја повторува, во претерана форма, противречноста што Адорно веќе ја идентификуваше со Америка, врз основа на неговото искуство во Калифорнија. Кога веќе конфликтите поврзани со сексот станаа толку видливи во националната култура, не е за изненадување и фактот дека сличен фокус се јавува и во квир политиката, со што истите конфликти добиваат поголем интензитет. Тажната вистина е дека движењето никогаш не било способно да го отфрли чувството дека достоинството и сексот не се компатибилни. Се прават погрешни напори за разрешување на ваквата тензија, а, како што ќе видиме во следните поглавја, во моментов тие преовладуваат.

Превод од англиски:
Јулија Мицова

# СРАМОТА, МАРИО МОНТЕЗ

## Даглас Кримп[1]

**Од срам преку срамежливост до сјај – и неизбежно повторно назад: искреноста и културната проникливост на оваа агенда создава од Ворхол совршена фигура за нов проект, итен проект, кој ќе придонесе да се разбере како дисфоричниот афект срам функционира како јадро во производството: производството на значењето, на личното присуство, на политиката, на перформативната и критичката делотворност.**

Интуицијата на Ив Кософски Сеџвик, посочена овде, во нејзиниот есеј за квир-перформативноста, ќе се покаже како повистинита дури и од нејзините очекувања, бидејќи во периодот кога ја напишала реченицата имала видено само мал дел од она што ја поткрепува неа – обемната филмска продукција на Енди Ворхол од 1960-тите години.[ii] Би сакал да посочам еден пример од Ворхоловата мобилизација на срамот како производство и притоа да ја дефинирам итноста од таков проект, според Сеџвик, итност која налага да започнам сопствен проект.[iii] Употребата на „сопствен“ ќе ја дообјаснам со тоа што ќе додадам дека проектот ја зема предвид аксиомата за антихомофобичното иследување на Сеџвик: „Луѓето се разликуваат едни од други“. Ова е Аксиома 1 од воведот на „Епистемологија на плакарот“, но за мене таа е далеку поаксиоматска за делата на Сеџвик, воопшто, и за она што го научив: етичката потреба за создавање поделикатни алатки за пресретнување, поткрепување и вреднување на разликите на другите, односно разликите и сингуларностите, еднократни

**1 *Забелешка на уредникот*: Изразувам неизмерна благодарност до Даглас Кримп и издаваштвото на MIT Press за дозволата за објавување на текстов во рамки на овој зборник и изложба. Текстот е поглавје од книгата „Филм по наш вкус - Филмовите на Енди Ворхол“: Douglas Crimp, “Our Kind of Movie” The Films of Andy Warhol (Cambridge: MIT Press)**

таксономии (nonce-taxonomies), како што таа толку соодветно ги нарекува ваквите алатки. Во еден од многубројните возбудливи моменти во нејзините дела, Сеџвик ја карактеризира оваа неопходност во однос на „притисокот од загубата во годините на ширењето СИДА“, години во кои, за жал, сè уште живееме, за „да се одбележи остриот мирис кој го шири особеноста на одреден пријател“.[iv]

„Кутриот Марио Монтез“, пишува Ворхол во *Попизам*:

„Кутриот Марио Монтез навистина се навреди во сцената (во *Девојките од Челси – The Chelsea Girls*) во која наоѓа две момчиња заедно в кревет и им ја пее: 'Велат дека е прекрасно да се заљубиш'. Требаше да остане десет минути со нив во собата, но момчињата во креветот толку длабоко го навредија што тој истрча и потоа не можевме да го убедиме да се врати за да завршиме. Јас упорно го бодрев: 'Прекрасен беше, Марио. Врати се, одглуми дека си заборавил нешто, не дозволувај им да ти ја украдат сцената, не чини без тебе', итн. Но тој не сакаше да се врати. Беше премногу вознемирен“.[v]

Кутриот Марио. И покрај тоа што Енди беше восхитен од неговиот вроден талент за комедија, речиси секоја приказна за него е несреќна:

„Марио беше многу мил, прилично кроток, иако еднаш збесна. Гледавме сцена со него од еден филм кој го нарековме *Четиринаесетгодишната девојка* (*The Fourteen-Year-Old Girl*) (познат како *Крадец во продавница – The Shoplifter* и *Најубавата жена на светот – The Most Beautiful Woman in the World*, а сега наречен *Хеди – Hedy*) и кога виде дека сум фокусирал и сум ја снимал одблизу неговата рака, темните машки влакна и издигнатите вени, се навреди, се вознемири и горделиво ме обвини, како вистински Латинец: 'Се гледа дека си се потрудил да го истакнеш најлошото од мене'.“[vi]





Проектот привремено го нарековме *квир пред геј*, бидејќи имам намера да преработам неколку аспекти од културата на настраните во Њујорк во 1960-тите години, наспроти кои го споредувам неодамнешното хомогенизирање, нормализирање и десексуализирање на геј-животот. Во воведниот есеј на проектот, за филмот *Пушење* (*Blow Job*), ги оспорувам површните обвинениија за воајеризам што толку често се упатувани кон камерата на Ворхол. Неопходно е да се препознае дека веројатно постои, т.е. мора да постои начин разликите и специфичностите на настраните да се направат видливи без тоа секогаш да повлекува обвинение за прекршок, да станат видливи на *етички* начин. Со насловот на есејот „Вредноста на лицето“ се насочувам кон она што се наоѓа на екранот (во случајов, како и во многу други, лице) и посочувам на етиката на Емануел Левинас, ја споредувам самобендисаноста на субјектот во *Пушење* со, според моето мислење, неговата космичка спротивност, а тоа е комплетната самосвесност на Марио Монтез додека изведува привидно фелацио на банана во *Марио Банана* (*Mario Banana*), филм на Ворхол снимен на 35-милиметарска лента истата година како и ***Пушење***. Да повторам: во врска со прашањето за самосвесноста на Марио, Ворхол напиша: „Обожаваше да се дотерува како гламурозна кралица, но сепак беше болно засрамен од фактот што е облечен во дрегvii (употребата на овој збор го навредуваше – тој велеше „маскирање“)“.[viii]

Затоа, замислете ја извесноста на повредата кога Ворхол го посрамоти Марио во *Пробно снимање бр. 2* (*Screen Test No. 2*) токму заради неговата родова илузорност, или можеби заради родовите *илузии*. Во *Попизам*, Ворхол – со нему својствената несекојдневна способност да ја прикрие својата прецизна проникливост во монотона, несвесна забелешка – за филмот ќе забележи во коментар сместен во заграда: „*Пробно снимање* се состоеше од тоа како Рони Тавел зад камерата го интервјуира Марио Монтез облечен во дрег, при што на крајот го принудува да признае дека е маж“.[ix] Велам „проникливост“ затоа што иако, всушност, не ја содржи суштината на приказната во филмот, сепак цели кон најтрогателното, вознемирувачко и впечатливо во него – а тоа е „изложувањето“ на Марио – термин кој Ворхол го користи во множинска форма како наслов за неговата книга на фотографии[x]

од 1979 година, но и термин кој Стефан Брехт го користи за да го одреди филмскиот метод на Ворхол:

„Околу 1965 година, Ворхол ја откри состојката што создава зависност кај ѕвездите. Согледа дека ѕвездите не само што се дел од индустриските комодитети чија употребна вредност е производ на фантазијата на потрошувачите, фантазија дека публицитетот предизвикува зависност кон одредена марка производи – дека ѕвездите се создаваат – туку дека потрошувачите стануваат зависни од самата слава... Тој се нафати да ја изолира оваа состојка, успеа и ја пласираше на пазарот под марката *Суперѕвезда* – суперѕвездата на Ворхол. Суперѕвезда претставува ѕвезда со извонреден квалитет: кај неа постои само гламур, спој на суета и ароганција, создадена од мазохистичкиот самопрезир преку обичен процес на илузио-инверзија. Комерцијалната предност на овој производ потекнува од областа на неговото производство: суровите материјали, лицата кои се презираат себеси, се евтини, а индустрискиот процес е едноставен: за да го создадеш ѓубрето, доволно е да *знаеш* дека тој или таа е фантастична личност на која ѝ завидуваат до обожавање. Не мора да ја подучиш. Доколку потрошувачот помисли дека е ѕвезда, тогаш таа станува ѕвезда: ако е ѕвезда, тогаш потрошувачот ќе ја прифати како ѕвезда; ако потрошувачот ја прифати како ѕвезда, тој станува фасциниран од неа. Изложеноста дава резултати. Вродениот гениј за апстракција на Ворхол повторно се исплаќа во оваа ситуација: тој смисли техника на снимање која се состои само од изложување, и само со тоа што од себе ја создаде првата суперѕвезда, го искористи полтронството на јавноста кон него како реклама за суперѕвездата, ѝ додели изложеност преку асоцијација“.[xi]

Наводно, како што кажува и самиот наслов, *Пробно снимање бр. 2* е втор пробен филм снимен на почетокот од 1965 година во кој Тавел, романописец, основач-драматург на Театарот на исмевањето[xii] и сценарист на Ворхол од 1964 до 1966 година, интервјуира суперѕвезда за нова улога (во *Пробно снимање бр. 1* глуми Филип Фаган, тогашниот љубовник на Ворхол, кој настапи и заедно со Марио Монтез во *Блудница* (*Harlot*), првиот звучен филм на Ворхол и првиот во кој учествува Тавел).[xiii] Во случајот со





*Пробно снимање бр. 2*, Марио наводно го сослушуваат за улогата на Есмералда во преработка на „Ѕвонарот од богородичната црква“. Во текот на целиот филм е прикажан во неизостren кадар фокусиран на неговото лице, додека тој носи евтина, партала-ва темна перика (која често нервозно ја чешла). Носи огромни висечки обетки и долги бели свечени ракавици. На почетокот од филмот подолго време врзува свилена марама на перикатa, при што го користи, се чини, објективот на камерата како огледало. Откако гласно ги чита учесниците од зад камерата, каде и остану-ва во текот на целиот филм, Тавел интонира, алудира, наговара, наведува, бара: „Во ред, госпоѓице Монтез, опуштете се... вие сте слободна дама, почитувана госпоѓа. Ве молам, опишете ми како се чувствувате во моментов“. „Се чувствувам“, почнува Марио, по што следува долга пауза додека го смислува одговорот, „се чувствувам небаре сум во друг свет, во фантазија... кралство со кое владеам јас, во кое јас давам наредби и идеи“.

Кутриот Марио. Во ова кралство владее Роналд Тавел. Тој дава наредби и идеи. Прво, сепак, му угодува на Марио и неговата фантазија. Го распрашува за кариерата, му дозволува да се пофали за настапот како Долорес Флорес во *Распламтени суштества* на Џек Смит, за улогата на мајстор во *Чамлам* на Рон Рајс, главната улога на прекрасна руса сирена во *Нормална љубов* на Смит и споредната улога на балетан во дебели розови хеланки во истиот филм. На прашањето дали критичарите се задоволни со неговата изведба, дава одговор со кој се покажува достоен на имењачката од славната лирска песна на Смит, „Совршената филмска соодветност на Марија Монтез“.[xiv] „Чудно е“, одговара сосема наивно Марио, „што и да направам, секогаш е правилно, дури и да било наменето како грешка. Најпрекрасните грешки што сум ги сторил пред камера се покажаа како најжестоките, најизвонредните настапи“.[xv]

Кутриот Марио. Во тој момент почнува неговото понижување. Тавел го упатува Марио да повторува по него: „Долги години го слушам твоето име, но никогаш не зазвучило толку убаво како тогаш кога дознав дека си филмски продуцент, Дијареја“. Марио мора да повторува дијареја неколку пати, менувајќи ги нагласокот и акцентот. Потоа, ги движи усните додека Тавел го изгова-

ра истиот збор. „Кажи 'дијареја' небаре има вкус на нектар", му наредува Тавел. Марио се покорува, блажено несвесен за правецот на играта во која тој го задоволува продуцентот наречен Дијареја. Храбро се воодушевува на играта „сврти го шишето" – мастурбира, односно си става шише во задникот (не заборавајте, го гледаме само неговото лице).[xvi] Со мимика, Марио уверливо ја одгризува главата на живо пиле, покорувајќи му се на барањето на Тавел да глуми дека е откачена. Покажува како ќе успее да заведе, глумејќи ја Есмералда, три различни карактери – капетанот, свештеникот, Квазимодо – во „Звонарот од богородичната црква". Вџасено вреска и танцува циганski танци со раменатa; ги прчи усните, се подбива и го плази јазикот; го покрива долниот дел од лицето со вел за да покаже злоба или тага со очите. Повторува по Тавел, со цел да го вежба изговорот на согласките: „Штотуку го задавив моето миленичe пантер. Патриша, моето миленичe пантер, штотуку ја задавив, кутрото миленичe. Но не сум изгребана, само малку уморна".

Одвреме-навреме Тавел го охрабрува: „Добро, госпоѓице Монтез, многу ви благодарам". „Восхитен сум, госпоѓице Монтез". „Ви благодарам, госпоѓице Монтез, бевте прекрасна, совршена, мислам дека веднаш ќе ве најмиме за улогата".

„Не можам доволно да ви се заблагодарам", возвраќа Марио, воодушевен и сè уште заслепен. Но охрабрувањето го води Марио кон неговиот пад кој доаѓа при крајот на втората триесет и триминутна ролна од филмот. Марио ведро завршува со описот на мебелот во неговиот стан. И тогаш, како од ведро небо, го погаѓа.

„Ајде, госпоѓице Монтез, кренете го здолништето!"

„Молам?" вчудовидено прашува Марио. Очигледно е изненаден.

„И откопчајте го патентот."

„Тоа е невозможно", Марио се противи потресено.

„Госпоѓице Монтез", продолжува Тавел, „доволно долго време се занимавате со оваа работа за да сфатите дека унапредувањето на вашата кариера зависи од таквиот гест. Го вадите и го ставате, таков е филмскиот бизнис. Не грижете се, камерата нема да покаже ништо. Ќе го доловиме гестот со вашите раце.





Значајно е. Договорот ви зависи од тоа". Откако збунето, беспомошно и тивко одолжува, Марио конечно се предава, а понижувањето продолжува: „Погледнете надолу, погледнете го", наредува.

„Знам како изгледа", Марио гневно одговара.

„Затворете го патентот до половината и оставете го да виси надвор. Така, така, послушно момче." Со овие зборови упатени кон Марио, Тавел не посочува кон неговиот вистински род, туку многу полошо, се однесува кон него како кон куче. „Погледни го, погледни го те молам. На што ти личи?"

Марио колебливо се спротивставува. „На што ти личи тебе?"

„Изгледа прилично примамливо, како и секој друг", Тавел одговара неуверливо. „Оставете ја косата за момент. Госпоѓице Монтез, не сте сконцентрирана."

Но Марио му пркоси: „Тоа што го барате од мене е бесмислено. Морам да ја исчешлам косата".

Конечно, Марио успева да ја прекине оваа епизода во која од него се бара сексуално задоволување како возврат за улога во филмот, и публиката може да здивне. Но, Тавел има на ум уште едно премреже, несомнено, многу поболно за Марио затоа што следува исмевање на неговото носење женска облека. Ќе се присетите дека Ворхол пишува за срамот од дрег на Марио. Тој објаснува: „Марио секогаш повторуваше дека знае оти е грев да се облекуваш во дрег – тој е Порториканец и ревносен римокатолик. Единствената духовна утеха му беше помислата дека иако Господ сигурно не го сака затоа што носи дрег, сепак, доколку навистина го мрази, ќе го погоди гром наместо".[xvii] И така, по неуспехот Марио да го покаже својот пол, досетливиот Тавел продолжува со следното измачување. Го подучува Марио како да заземе преколнувачка поза, со очите и со рацете свртени кон небото, и му наредува да повтори неколку пати: „Оче, во Твои раце Го предавам Својот дух". Сиротиот Марио е збунет и преплашен, небаре Бог навистина ќе го покоси за такво безбожништво. На крајот, на Тавел не му останува многу време да продолжи со искушувањето на суперѕвездата. Во моментот кога Марио помирливо ја зазема предизвикувачката поза што ја бара Тавел, филмот

завршува. Напнатоста за гледачот што ја носат филмовите на Ворхол се открива во спасот на крајот од филмот кога ќе заврши ролната, момент ни најмалку очекуван, но кој зачудува со тоа што се појавува во совршено време.

